Д 14.11.75

2693 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9


# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 5 ноември 1975
Скопје
Број 39 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 5 дин. Жиро сметка 40100-601-128


425.

Поаѓајќи од договорените заеднички интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој на Републиката и врз основа на плановите и програмите за работа и развој на организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници, како и врз основа на заеднички оценетите можности и услови за развиток,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија врз основа член 318, став 1, точка 3 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, на одделните седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 септември 1975 година, донесе

## ОСНОВИ

## ЗА ЗАЕДНИЧКАТА ПОЛИТИКА ЗА ДОЛГОРОЧЕН РАЗВОЈ НА СР МАКЕДОНИЈА ДО 1985 ГОДИНА

### I

### ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОСЕГАШНИОТ РАЗВОЈ И ПРОБЛЕМИ НА СЕГАШНАТА И ИДНАТА ЕТАПА НА РАЗВОЈОТ

#### ОПШТ ОСВРТ НА ДОСЕГАШНИОТ РАЗВОЈ

1. Општествено-економскиот развиток на Социјалистичка Република Македонија во периодот по ослободувањето е остварен со силен економски подем и сеопшта преобразба. Создадени се поразвиени социјалистички општествено-економски односи; посилен материјален, кадровски и научнотехнички потенцијал, остварено е доминантно учество на општествениот сектор во производството; остварени се суштествени промени во структурата на стопанството и во економско-социјалниот состав на населението; подобрен е здравствениот и социјалниот стандард на луѓето; постигнато е поширoко вклучување на Републиката во стопанскиот и културниот живот во земјата и во странство и е достигнат повисок степен на стопанска и општа развиеност. Постигнатиот развиток Социјалистичка Република Македонија го оствари во релативно пократок временски период, од оној, кој во својот историски развој го поминале повеќе економски поразвиени земји. За овој релативно краток временски период таа успеа да ги надмине тесните материјални и други рамки на заостанатоста и да создаде потребни предуслови за натамошен сестран општествено-економски развој.

Социјалистичка Република Македонија до ослободувањето во 1945 година беше изразито аграрнонеразвиено подрачје со неразвиено стопанство во кое доминираше земјоделското и занаетчиското производство, ниска техничка опременост и механизираност на производството, неразвиена енергетска и друга потребна стопанска инфраструктура, крајно неповолна економско-социјална структура на населението, неразвиена мрежа на институции од општествениот стандард, низок национален доход и со други белези карактеристични за ниско развиените земји воопшто.

Соочена со вака затечената положба, пред Републиката се поставуваа крупни задачи за нејзино брзо надминување и за избор на таков курс на развојната политика, кој за еден, релативно, кус период требаше да го динамизира развојот на широк план и подеднакво да ги развие сите дејности и гранки на стопанството и општествените дејности. Истовремено мораше да се совладуваат и повеќе други проблеми и тешкотии, кои произлегуваа и од самиот брз развиток. Сето тоа бараше максимални материјални и други напори на целиот работен народ, што бездруго претставуваше неопходен иницијален услов за динамизирање на развојот. Изминатата етапа на развојот, во голем степен се потпираше и врз активната политика на целата заедница за побрз развој на Социјалистичка Република Македонија.

2. Во изминатиот период од развојот, материјалното производство е остварувано со релативно динамично темпо. Општествениот производ во вкупното стопанство е зголемуван со стапка на годишен пораст од 7,0%, а во последните години и со побрза динамика од остварената во целиот досегашен период. Со ваквиот просечен растеж, нивото на вкупното производство во 1974 година е зголемено за близу пет и пол пати во споредба со 1947 година, а општествениот производ по жител, и при релативно висок пораст на населението за околу 3,8 пати во споредба со 1947 година. Во овие општи рамки, подинамичен развиток е остварен во социјалистичкиот сектор, кој практично беше и носител на општествено-економскиот подем во Републиката. Во социјалистичкиот сектор на стопанството, денес се организирани преку четири петтини од вкупното производство, со што е обезбедена негова доминација во производството. Притоа, индустријата во целиот период беше движечка сила на релативно динамичниот стопански развиток и носител на структурните промени во стопанството. Врз проширената материјална основа, во оваа област, производството е остварено по средна годишна стапка на пораст од околу 12,0% и во 1974 година достигна ниво на производство, кое е повисоко за дваесет пати во однос на обемот на производството во 1947 година.

Брзиот развиток на индустријата е остварен при истовремено вградување на современа опрема и воведување на нови технички и технолошки процеси во сите дејности на стопанството, што имаше позитивно влијание врз општиот прогрес и индустријализацијата во Републиката. Во индустријата, што е случај и во другите дејности, во овој период се изградени и пуштени во работа повеќе крупни објекти и е извршена значајна оптимализација на постојното стопанство. Одделни погони и капацитети двојно, па и повеќе пати се проширени и со тоа е обезбеден квантитативно нов и модернизиран производствен потенцијал, со видно збогатен асортиман и степен на доработка и финализација, од поширoко значење за стопанството на Македонија и земјата во целина. Тоа е постигнато со процес на индустријализација во сите подрачја на Републиката и со покачување на учеството на индустријата

во стопанската структура од 14% во 1947 година на преку 35%. Притоа, пред сè, е покачено учеството на производството од енергетиката, основните метали, хемиската индустрија, индустријата на неметали и металниот комплекс. Во земјоделството, покрај видниот пораст на вкупното производство, остварени се и квалитативни поместувања. Тоа е постигнато со подобрена агро и зоо-техника и со поширока примена на современи технолошки методи во производниот процес, што овозможи кај повеќе култури да се остварат повисоки приноси, а кај добитокот осетно да се зголеми производството по продуктивно грло. Меѓутоа, сточниот фонд на основните гранки — говедарството и овчарството прилично заостанува, додека се завидни резултатите остварени во живинарството, а почетни и во свињарството. Во земјоделството е создаден и зајакнат општествен сектор со крупни модерно опремени агроиндустриски комбинати и земјоделски стопанства и задруги. Овој сектор денеска располага со преку 130 илјади ха обработлива површина, 18 илјади говеда, околу 2700 трактори и друго. Во изминатиот период е остварен развој и преобразба и на индивидуалното стопанство во земјоделството. Тоа денес е поопремено и претставува знатно поголем стоковен производител.

Развојот на трговијата и угостителството, сообраќајот и воопшто земено, терцијарниот сектор, во изминатиот период, особено во последната декада, имаше виден придонес врз општата динамика на развојот. Реалниот обем на прометот во трговијата во периодот меѓу 1952 и 1974 година е зголемен за околу 12 пати, а во последниве десет години за близу три пати. Тоа е овозможено, покрај другото, со изградба на голем број современи продавници; зголемување на продажниот простор и изградба на капацитети за сместување на стоката. Последните години се вложувани значајни напори и за поцелосна валоризација на природните и другите услови значајни за развојот на туризмот. Вкупниот број ноќевања постојано е зголемуван и во 1974 година е остварен промет од околу 1,8 милиони ноќевања, што е за близу 6 пати поголем од остварениот во 1948 година, односно за преку 3,5 пати од прометот во 1953 година. Кон крајот на 1974 година туристичкото стопанство располагаше со околу 37 илјади легла (заедно со леглата во домаќинствата) во чии рамки хотелските капацитети изнесуваа околу 5,7 илјади од кои, близу две третини отпаѓаат на хотелите од А и Б категорија.

Особено крупни измени се постигнати и на планот на развојот на водостопанството и сообраќајот.

Подобрен е водниот режим, што е од вонредно значење за нашата Република. Со изградените нови хидромелиоративни системи, обезбедено е наводнување на околу 60 илјади ха. Со доврщување на крупните хидромелиоративни системи, кои се во тек, во Републиката ќе се овозможи наводнување на околу 140 илјади ха, што претставува околу 21% од вкупната обработлива површина или 26% од обработливата површина која редовно се користи. Изграден е систем за заштита од градобијност, со кој се покриени 450 илјади ха или 67% од вкупно обработливата земјоделска површина во Републиката.

Во сообраќајот е извршена реконструкција, модернизација и проширување на влечните и превозните капацитети и на сообраќајниците. Изградени се нови железнички линии, а магистралните се оспособени за поголем осовински притисок, поголема брзина и сигурност. Извршена е електрификација на линијата Скопје — Табановци, изграден е скопскиот железнички јазел и е извршена целосна замена на парните со дизел и електрични локомотиви.

Видно е изменета и состојбата во степенот на модернизација на патната мрежа. Денес скоро сите општини се поврзани со современи патишта, а вкупната должина на патиштата од I, II и III ред е модернизирана со преку 50%. Телефонските корисници скоро целосно се вклучени во месниот автоматски телефонски сообраќај, а со околу 95% во меѓумесниот автоматски сообраќај.

Изминатиот период се карактеризира и со засилена урбанизација на градските населби и со процес на уредување на просторот и подобрување на условите за живеење во покрупните селски населби. На овој план се постигнати евидентни резултати, особено во изградбата на патишта и поврзување на селските населби со економските центри, електрифицирањето на населбите, ширењето на образовната и здравствената мрежа, решавањето на проблемите за снабдување со вода и слично.

Врз досегашниот развој е обезбеден развој на материјалната основа и сеопшта преобразба во сите краишта во Републиката. На таа основа е остварен повисок степен на развиеност и порамномерен развој.

3. За овој период особено е карактеристично осетното проширување на надворешно-трговската размена. Вредноста на стоковната размена со странство во двата правца во 1974 година достигна ниво од околу 580 милиони долари (по цени од 1974 година). Врз овие основи, извозот по жител достигна ниво од 130 долари, а учеството на извозот во општествениот производ е зголемено на близу една петтина. Во последните години, особено значајни постигања се остварени и по основ на нестоковните приходи: преку развојот на туризмот, на сообраќајните услуги и преку ангажирањето на градежната оператива за изведување градежни работи во странство. Во 1974 година остварениот прилив на девизи по овој основ достигна околу 50 милиони долари или, околу една четвртина од постигнатото ниво на извозот на стоки.

Остварени се и значајни квалитетни измени во извозната структура. За разлика од првите години на развојот, кога доминантно место во извозот имаше тутунот, денес во структурата на извозот доминираат индустриските производи и производите со повисоки фази на доработка. Овие, во вкупниот извоз на стоки учествуваат со околу 80%. Пазарите на кои се пласираат производите од СР Македонија постојано се проширувани. Извозот се реализира во преку 50 земји од сите континенти, при што околу 50% од извозот отпаѓа на конвертибилното подрачје. Остварените резултати на ова подрачје несомнено зборуваат дека е одржан чекор со општите барања и критериуми на странскиот пазар, што секако претставува крупен квалитет на развојот.

4. На подрачјето на економско-социјалните измени во структурата на населението, во целиот изминат период и последниве години, остваруван е брз трансфер на значаен дел од земјоделското население во неземјоделските стопански дејности. Учеството на активното земјоделско население од околу 77,6%, колку што изнесуваше во 1948 година, денес е намалено на 48,7%. Овие измени се резултат, пред сè, на развојот и проширувањето на секундарните и терцијарните сектори на активноста во Републиката, во кои е ангажирано околу 51% од активното население.

Сите овие измени се проследени и со позитивни демографски процеси. Остварениот апсолутен пораст на населението е постигнат со постапно намалување на релативно високата стапка на наталитетот, намалување на општата стапка на морталитетот, а особено на смртноста на доенчињата, и со продолжување на просечниот век на живеење и слично. Покачено е и образовното ниво на населението. Во 1971 година со завршено основно, средно, више и високо образование има приближно 400 илјади лица од населението, на преку 10-годишна возраст. Во тие рамки, со завршено средно образование се 143 илјади лица, а со више и високо образование има 33 илјади лица.

Измените во економско-социјалниот состав на населението се остварени, пред сè, врз прошири-

вање на работните места во општествениот сектор и попродуктивните дејности на стопанството. Во општествениот сектор во 1974 година беа вработени околу 313 илјади лица, или 18,0% од вкупното население. Тоа е за преку два ипол пати повисок степен на вработеност во споредба со 1948 година. Од вкупно вработените во општествениот сектор околу 114 илјади работат во индустријата, а околу 43 илјади лица се ангажирани во институциите за образование и културно издигање на населението, за здравствена и социјална заштита и во институциите за научно-истражувачката работа.

5. Остварениот стопански развој и порастот на општествениот производ во изминатиот период, создадоа простор за брзо проширување и на материјалната основа за живеење и работа на луѓето. Создадена е поразвиена мрежа на образовни и здравствени институции и услови за забрзан развој на социјалната заштита, културата, физичката култура и другите општествени дејности. Покачена е куповната способност на населението, обезбедени се повеќе средства за проширување на дејностите за образование, здравствена и социјална заштита, за развој на културните дејности и другите активности значајни за животниот стандард и развојот воопшто. Од националниот доход, за развој на образованието, денес се издвојува околу 6,0%, а за здравството, приближно 5,5%. Зголемено е и издвојувањето на средствата за развој на науката, културата и на другите општествени дејности.

Со ширењето на образованието, јакнењето на кадровскиот потенцијал, техничко-технолошкиот и научниот прогрес остварен е нов досег во развојот на производните сили на општеството.

Остварен е процес на постојано квантитативно и квалитативно подобрување на исхраната на населението и е постигнато видно подобрување во опремувањето на домаќинствата со стоки од потрајна вредност. Покрај мебел, радио и други разни апарати, кои веќе се составен дел на секое домаќинство, денес секое трето домаќинство располага и со електричен шпорет и транзистор, секое петто домаќинство располага со машина за перење, а секое тринаесетто домаќинство има и автомобил. Видно се подобрени и станбените услови. За ова се вложени обемни општествени средства и средства на граѓаните. Станбениот фонд, според половбата во 1971 година е покачен за 322 илјади станови (од кои 153 илјади се во селата, а 169 илјади во градовите) со 17,3 милиони квадратни метри површина. Преку две третини од станбениот фонд во градовите се изградени во последниве 20 години. Како резултат на остварената станбена изградба, просечниот број на лица на еден стан во 1971 г. е намален на 5 лица, а просечната станбена површина по жител е зголемена на 10,7 метри квадратни.

6. Во изминатиот период знатно внимание се посветуваше на развојот на науката како еден од најважните фактори на општествениот и техничко-технолошкиот развој. Се постигнаа значајни резултати во бројното зголемување и проширување на организациите во оваа област, во бројот на изготвените и објавени трудови, во бројното зголемување на истражувачкиот и стручниот кадар и друго.

7. Во изминатава етапа од развојот, постојано се правени усилби за проширување на производствените фондови на стопанството и на фиксните фондови на општествениот стандард, со што е создадена и поразвиена материјална основа. За таа цел се вложени вкупно, околу 38 милијарди динари (цени од 1966 година), од што околу 25 милијарди динари за развој на производствените фондови на стопанството. Околу две третини од вкупните вложувања се насочени за развој на стопанството. Во споредба со целата земја, во СР Македонија е инвестирано релативно повеќе во индустријата и земјоделството. Особена разлика постои при инвестициите во земјоделството, кои во целиот повоен период се остварени со релативно повисоко учество во вкупните стопански инвестиции. Вложувањата се остварени со континуиран пораст, но и со одредени осцилации. Притоа, претежен дел од инвестиционите вложувања отпаѓа на последниве десет години, кога интензитетот на инвестиционата активност е засилен и во тој период се извршени над две третини од вкупните вложувања во целиот повоен период. Приближно со исти тенденции е остварен и развојот на основните фондови во општествениот сектор на стопанството. Меѓу 1952 и 1962 година тие се зголемени од 2,1 на 5,9 милијарди динари, а во 1971 година на 13,8 милијарди динари или за шест ипол пати повеќе во споредба со 1952 година. Движењата укажуваат дека постигнатиот подем во развојот на Републиката во голема мера е остварен во последнава декада која претставува мошне значајна етапа во развојот на материјалната основа.

Во структурата на средствата за работа денес полуавтоматите учествуваат со 40%, а автоматските машини со околу 33%. Силата на примарните двигатели инсталирани во индустријата достига над 9,5 илјади KW, а силата на вградените електромотори околу 390 MW.

## ПРОБЛЕМИ НА СЕГАШНАТА И ИДНАТА ЕТАПА НА РАЗВОЈОТ

И покрај мошне динамичниот стопански растеж во досегашниот период и остварената сеопшта преобразба на Социјалистичка Република Македонија, развојот истовремено беше следен и со доста сложени проблеми кои го ограничуваа општиот напредок, а ќе имаат одредено неповолно влијание и во идниот период.

(1) Остваруваното темпо на стопанскиот растеж во досегашниот период, по својот интензитет, во основа го следеше развојот на целата земја и не беше доволно врз потрајна основа да го отвори процесот за намалување на разликите во степенот на развиеноста во споредба со поразвиените републики и покраини во земјата и да обезбеди повисок степен на економско активирање на населението. При ваква состојба, и покрај несомнениот напредок, СР Македонија сè уште претставува недоволно развиено подрачје со доста белези на релативно ниско развиено стопанство. Ова претставува многу сложен проблем на досегашната етапа на развојот со повеќестрано влијание.

(2) Процесот на јакнење и проширување на материјалната основа на стопанството, а особено на индустријализацијата во СР Македонија, отпочна со одредено задоцнување што неповолно се одрази врз степенот на диверзификацијата и осовременувањето на целокупната стопанска структура.

Индустријата сè уште релативно ниско учествува во формирањето на вкупното производство. Индустриската структура ја карактеризира недоволно производство со повисок степен на финализација и производство од комплексот на металната, електроиндустријата и хемиската индустрија врз кои основи може подолгорочно да се обезбедува поширок простор за експанзија на производството. За разлика од тоа во СР Македонија и натаму значајно место зазема производството на текстил и тутунската индустрија. Учеството на овие гранки достига околу една третина од вкупното индустриско производство додека во Југославија тоа се движи на околу 15%. Слични проблеми постојат и во земјоделството. Сточарското производство е недоволно, како од гледиштето на потребите за исхрана, така и за одредено интензивирање на стопанската структура. И структурните поместувања во поледелското производство, поради пролонгирање на изградбата на мелиоративните системи и влијанието на други фактори, имаа бавен тек.

(3) Достигнатиот степен на економска активност на населението, и покрај значајниот скок, е недоволен и претставува крупен структурен и долгорочен проблем на Републиката. Економската и социјалната структура на населението, сè уште има белег на недоволно развиено стопанство, со повисоко учество на земјоделското население (активното земјоделско население во 1971 година достигна 48,7%). Низок е и степенот на вработеноста во општествениот сектор, посебно во индустријата. За Републиката посебен проблем претставува и високиот број лица што бараат вработување. Во општествениот сектор во 1974 година се вработени 18,0 лица на 100 жители (СФРЈ 21,0), а во индустријата 6,6 (СФРЈ 8,3). Бројот на лицата што бараат работа во 1974 година достигна средно преку 78 илјади. При ваква положба во стартот интензитетот на измените во економската и социјалната структура на населението и покачувањето на вработеноста воопшто ќе мора да се задржи, дури и да се покачи.

(4) Брзата експанзија на преработувачките капацитети, како во земјата така и во Републиката, не беше следена со соодветен развој и на суровинско-енергетските гранки, што доведе до усложнување на структурните диспропорции во стопанството. Заостанувањето на развојот на суровинско-енергетските гранки веќе денес, посебно во услови на крупни промени на оваа положба и на светскиот пазар, претставува лимитен фактор за развојот на производството и ефикасноста не само на индустријата, туку и на вкупното стопанство. Присутните структурни диспропорции во земјата и бавниот тек на нивното решавање подолго време имаат значајно влијание и врз нестабилноста на домашниот пазар како и врз видната увозна зависност на стопанството.

Во овие рамки посебно сложен проблем претставува дефицитарноста во енергијата. Изградениот енергетски потенцијал е недоволен за нараснатите потреби на стопанството и за развојот на животниот стандард и тој сè повеќе неповолно се одразува врз развојот, а посебно во изборот на производствената ориентација. Проблемот особено ќе дојде до израз во претстојните пет до осум години, кога за релативно кус период е неизбежно да се реши високиот степен на дефицитарност на изворите од сите видови на енергија. Потребите на СР Македонија, освен кај електричната енергија, каде што од сопствените електроизвори се покриваат со околу две петтини, кај сите други видови на енергија тие целосно се покриваат од други извори во земјата и од увоз.

Поради недоволното сопствено производство на некои суровини и репроматеријали потенцирана е увозната зависност на дел од стопанството. Освен тоа, нестабилноста на цените на некои суровини на светскиот пазар како и другите проблеми во врска со нивната набавка во последните години имаа неповолно влијание врз стабилноста и економичноста на производството во повеќе гранки.

Во овој поглед особено е неповолна состојбата во црната металургија, кадешто поради недоволно сопствено производство на сурово железо и слабови е нужен релативно висок увоз на валавнички полуфабрикати, слабови и други валани производи. Со проширување на производството на пластични маси и синтетски влакна, видно е зголемен увозот со акрилонитрил, винил-хлорид, диметилтерефталат и на другите мономери и полимери.

Присутни се и проблемите во врска со недостигот на цинков концентрат, а со проширување на производството на феролегури се актуелизира и снабдувањето со хромна руда.

При ваква состојба се одлага и прашањето на позасилена валоризација на природните богатства и користењето на определени компаративни предности на Републиката како основа за подинамичен развој и за разрешавање на другите проблеми.

(5) Опаѓањето на темпото на инвестициите во стопанството во последните години, им дава посебна тежина на присутните проблеми на сегашната етапа на развојот поради смалувањето на шансите за побрзо решавање на некои од суштествените прашања.

(6) Проблемите на економската нестабилност сè уште се изразито присутни со повеќестрано влијание врз општиот развој. Развојот во првите години од идниот период ќе биде под влијание на разрешавање на одделни проблеми предизвикани од високата инфлација. Дефицитот на платниот биланс на земјата, посебно во стоковната размена, што покажува тенденција на пораст, исто така треба да се смета дека ќе се јавува како лимитен фактор.

(7) Релативно ниска е ефикасноста во школувањето на сите образовни степени и сè уште е недоволна опфатеноста на децата и младината од генерациите во насоченото средно образование и во системот на предучилишното образование и воспитување.

(8) Иако сегашната положба недвосмислено покажува дека е создадена квалитетно нова основа на развојот, факт е дека таа сè уште не ги дава сите ефекти. Во повеќе гранки од стопанството и во општествените дејности сè уште постојат недоволно искористени средства, нерационално трошење на материјали и друго. Резултатите во продуктивноста на трудот и воопшто во економијата со средствата сè уште се незадоволителни и на релативно ниско ниво.

## II

## ЗАЕДНИЧКИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ДОЛГОРОЧНИОТ СТОПАНСКИ И ОПШТЕСТВЕН РАЗВИТОК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО 1985 ГОДИНА

### ЗАЕДНИЧКИ ЦЕЛИ НА ДОЛГОРОЧНИОТ РАЗВОЈ

Трајните цели, што произлегуваат од долгорочната ориентација на самоуправното социјалистичко општество и од заедничките интереси на сите народи и народности на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и сите нејзини делови, се:

— афирмација на човекот и сестран развој на неговата личност, способна да владее со општествените и стопанските процеси на развојот и со нивните последици;

— развој на непосредното самоуправување и здружување на трудот и средствата за општествена репродукција како битни обележја на развојот на самоуправните социјалистички општествени односи во наредната етапа; и

— постојано проширување и подобрување на материјалните и другите услови за живот и работа.

Овие цели претставуваат заеднички интерес на долгорочниот стопански и општествен развиток на сите работни луѓе организирани во основни и други организации на здружениот труд, самоуправните интересни заедници, месните заедници и другите самоуправни организации и заедници во Социјалистичка Република Македонија.

Реализацијата на трајните цели на нашето општество претпоставува: соодветни односи во производството, во распределбата на доходот, во потрошувачката и инвестициите; таква производствена ориентација која обезбедува непречен и брз стопански развој и обем и структура на производството која ќе ги покрива сè поголемите материјални потреби на населението; ќе обезбедува повисока стабилност; создавање на материјални услови за поголемо економско активирање на работно-способното население и порационално искористување на производствените фактори; функционален развој на образованието, културата, поцелосна здравствена заштита на човекот, подобрување на соци-

јалната и детската заштита и на стандардот на станувањето; развој на науката и технологијата; порамномерен регионален развој; подобрување на заштитата на човековата околина и друго.

## ОСНОВНИ ЗАДАЧИ НА ДОЛГОРОЧНИОТ РАЗВОЈ

Потребата од остварување на заедничките цели ќе ги поттикнува работните луѓе кон преземање на широка и организирана активност и кон напрегања за успешно совладување на проблемите со кои ќе се сретнува развојот во наредниот период. Притоа, приоритет во политиката за долгорочен развој на Социјалистичка Република Македонија до 1985 година ќе имаат следните задачи:

**Натамошно развивање на самоуправните социјалистички општествено-економски односи**

Врз начелата на новиот Устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на Социјалистичка Република Македонија и врз економскиот и социјалниот развој на Републиката ќе се остварат поразвиени социјалистички самоуправни општествено-економски односи.

Ќе се оствари повисок степен на здружување на трудот и средствата во општествената репродукција и ќе се зајакне местото и улогата на работниот човек, организиран во основните организации на здружениот труд и во регулирањето на тековите на општествената репродукција.

Ќе се развие делегатскиот систем во сите области на општественото решавање со што ќе се обезбеди непосредно учество на работничката класа и на работните луѓе во управувањето со општествените работи. Собранискиот систем на власта ќе добие најширока самоуправна основа.

Институцијата на општествено договарање и самоуправно спогодување ќе стане траен и ефикасен облик за самоуправно уредување на односите, креирањето и остварувањето на економскиот и социјалниот развој. Врз таа основа ќе се усогласуваат интересите на работните луѓе, на нивните самоуправни организации и општествено-политичките заедници. Тоа ќе биде основа за воспоставување на сè понепосредна размена на трудот и меѓу стопанските и општествените дејности.

Врз овие основи и со напорите, акциите и мерките на работните луѓе, ќе се обезбеди трудот и резултатите од него да претставуваат единствена основа за распределбата на доходот и стекнувањe на личниот доход; процесот на општествената репродукција да се потпира врз самоуправно планирање и општествено насочување; целокупната воспитно-образовна и културна дејност да биде функција на сегашните и историските цели на работничката класа за ослободување на трудот; да се создаде поразвиен научен потенцијал способен за врвни истражувања и за трансформации на врвните достигања во светот и кај нас; условите за живот и работа да бидат подобрени и на повисок степен на изедначеност и да се надминат деформациите кои негативно влијаат врз тековите на нашиот развиток.

Натамошниот развој на социјалистичките самоуправни односи наедно ќе се остварува и со доследна и континуирана борба за работна дисциплина и одговорност за реализација на договорените задачи. Одговорноста и дисциплината ќе бидат во функција на напорите и за поголема продуктивност, подобар квалитет на производството, подобра организација на работата, штедењето и рационалното користење на средствата, особено за поголем животен стандард на вработените.

**Покачување на економската активираност на населението и остварување натамошен социјален развој**

Ќе се настојува степенот на економската активност на вкупното население кон 1985 година да достигне близу 41%. Притоа треба да се обезбеди трансферот на земјоделското население во неземјоделските дејности да продолжи со несмален интензитет и со тоа учеството на активното земјоделско население да се намали на 33 до 35%.

Во економско-социјалната структура на населението треба да доминираат генерации со уште повисок степен на образованост и со проширени културни навики. Кон 1985 година ќе се достигне проширена основа за претшколско образование и ќе се обезбедат услови целокупниот иден прираст на младата генерација да заврши осумгодишно образование, а близу 60% од генерацијата да заврши и средно — насочено образование.

Здравствената заштита по основ на работничко осигурување треба да се прошири на близу четири петтини од населението, а заедно со заштитата по основ на земјоделско осигурување треба да се обезбеди здравствена заштита на целото население.

**Остварување на подинамичен стопански развој и подобрување на материјалните услови за живот и работа**

Подолг период Социјалистичка Република Македонија ќе треба да остварува повисока динамика на растеж од таа предвидена за Југославија во целина. Кон 1985 година неопходно е да се достигне приближно двојно повисоко ниво на општествен производ по жител. Тоа е услов да се отвори процесот на смалување на разликите во степенот на развиеноста и во одреден временски период да се достигне средното ниво на развиеност на Југославија.

**Натамошна индустријализација и трансформација на стопанската структура**

Со натамошна индустријализација при крајот на идната декада, учеството на индустријата во формирањето на вкупниот општествен производ во стопанството треба да достигне околу 44%, со што, стопанската структура ќе добие обележје на индустриско поразвиено стопанство.

Ќе се достигне и повисоко ниво на размена со странство, при што близу една четвртина од производството ќе биде наменета за извоз.

**Остварување на економски порамномерен развиток и урбанизација на Републиката**

Ќе се стреми да се постигне повисока рамномерност во развиеноста на подрачјата во Републиката и да се обезбеди порационална урбанизација и уредување на просторот и со тоа да се создадат услови за максимална валоризација на природните ресурси, на другите материјални добра и човековиот фактор, како и да се создадат поизедначени материјални услови за живот и работа на населението.

Притоа ќе се остварува побрз развој на недоволно развиените краишта во Републиката.

**Зголемување на рационалноста и ефикасноста во стопанисувањето, остварување повисока продуктивност на трудот, како основа за поголема акумулативност на стопанството**

Ќе се настојува да се достигне и надмине ефикасноста во стопанисувањето со средствата што се остваруваат во стопанството на целата земја и зголеми нивото на продуктивноста на трудот во општествениот сектор на стопанството за преку 60%.

**Натамошно јакнење на општонародната одбрана, безбедноста и општествената самозаштита**

Потпирајќи се врз досегашните постигања во изградувањето на системот на општонародната одбрана како и напорите за натамошно нејзино развивање ќе се оствари зајакната одбранбена способност на сите компоненти на народната одбрана како составен дел на севкупниот општествено-економски развој.

Со натамошно јакнење и оспособување на безбедноста и на општествената самозаштита ќе се сбезбеди повисок степен на заштитата на поредокот утврден со Уставот, интегритетот на личноста, правата и слободата на граѓанинот и имотот од разни непријателски и криминални однесувања.

## III

## ГЛОБАЛНИ ПРАВЦИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ДОЛГОРОЧЕН СТОПАНСКИ И ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ НА СР МАКЕДОНИЈА

### ДИНАМИКА НА МАТЕРИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ

Остварувањето на динамичен и стабилен стопански развој на Републиката претпоставува во идната декада да се остварува пораст на општествениот производ средно годишно по стапка од околу 9%.

Брз подем на вкупното стопанство не би можел да се оствари и одржи, без интензивен развој на индустријата. Оттаму, и во наредниот период, развојот на индустријата останува да биде примарен двигател на динамичниот стопански развој. Продолжувањето на брз развој на индустријата е основа и за подолгорочно решавање на проблемот за продуктивно ангажирање на работоспособното население, за овозможување на продор на техничкиот прогрес во сите сектори на стопанството, како и значајна основа за решително влијание врз порастот на националниот доход. Со порационален избор на развојните правци и со оптимално комбинирање на факторите на развојот, треба да се овозможи индустриското производство да се зголемува со стапка на пораст од преку 10% просечно годишно.

За остварување на потребниот интензитет на вкупниот растеж неопходно е истовремено да се обезбеди релативно брз пораст и на производството во земјоделството и во сите други дејности на стопанството. Од позиција на вкупната динамика на пораст во периодот до 1985 година, земјоделското производство треба да остварува пораст со средна годишна стапка од околу 4,5%.

Развојот на градежништвото во голем степен ќе зависи од идните барања за градежни услуги и тоа ќе биде основен фактор за динамиката и интензитетот на развојот во оваа област. Идната инвестициона активност, која неодложно и натаму ќе зазема релативно високо учество во општествениот производ, претставува основа, врз која ќе се остварува натамошниот развој на градежништвото. Меѓутоа, сите истражувања упатуваат на тоа дека неодложно мора да продолжи и експанзијата на изведување на градежни работи надвор од Републиката и во странство. За Републиката, градежништвото има посебно значење, како за динамиката на општиот развој, така и за вработувањето. Затоа, за подолг период ќе биде неопходно динамиката на развојот на оваа дејност да се одржува приближно до динамиката на развојот на целото стопанство. За резултатите на општиот развој од видно значење ќе бидат и напорите на градежништвото за зголемување на продуктивноста и економската ефикасност во градењето.

Во сообраќајот, интензитетот на порастот на барањата на стопанството за превоз на стоки ќе биде релативно побавен, што ќе доаѓа од: ориентацијата за порационална употреба на суровините; зголемување на учеството на производството од повисоките фази на доработка; од менување на структурата на изворите на енергија и друго. Исто така, во превозот на патници се очекуваат натамошни измени, особено под влијание на брзиот растеж на индивидуалната моторизација, како и под влијание на општиот развој на сообраќајот. Обемот на превозот на стоки во 1985 година се смета да достигне ниво од околу 28 до 30 милиони тони, а обемот на превозот на патници околу 60 до 65 милиони.

При вакви движења на потребите од превозни услуги, ќе продолжат и тенденциите на постојан пораст на бројот на возилата.

Кон 1985 година се очекува степенот на моторизацијата да достигне ниво од околу 120 до 130 возила на 1000 жители. Ова, покрај другото, ќе услови потреба од натамошен развој и на патната мрежа.

Развојот на трговијата и угостителството ќе претставува многу позначаен фактор за идниот општ развој и за постигање на функционално поразвиена структура на стопанството. Тесната зависност на развојот на оваа дејност од општата развиеност, како и натамошниот развој на туризмот, секако ќе условуваат натамошен релативно брз развој и одредено покачување на местото на трговијата и угостителството во формирањето на вкупниот општествен производ во стопанството, како и во вработувањето. Врз ова поволно ќе влијае фактот, што веќе денес трговијата е организирана во релативно покрупни и економско посилни организации на здружениот труд, со зголемен број продавници, вработени, основни фондови и друго.

Прометот во трговијата ќе биде неопходно да се движи по стапка од околу 9% и да се прилагоди кон идната структура на производството и побарувачката во која ќе се покачи учеството, особено на трајните потрошни добра и производите од земјоделството. Ова ќе услови, покрај зголемено користење на капацитетите, и нивна натамошна модернизација и потреба од изградба на нови прометни капацитети (во наредните години до 1985 година ќе се јави потреба од нови 200 илјади м² продажен простор, 70 илјади м² приручни магацини и околу 300 илјади м² главни магацини) како и набавка на соодветна опрема, превозни средства и друго.

Изобилството на природни убавини, културно-историски знаменитости и други туристички атрактивности, како и погодната геопрометна положба на Републиката, даваат широки можности за натамошен развој на туризмот скоро во сите нејзини делови. Побарувачката од туристички услуги се очекува и натаму да биде со тенденција на интензивен пораст. Вкупниот број на ноќевања во 1985 година се очекува да достигне обем од околу 5,0 милиони ноќевања од кои 1,7 милиони од странски туристи. Тоа, исто така, ќе услови изградба на нови 34 илјади легла, од кои на угостителските објекти би отпаѓале околу 12,0 илјади.

Со развојот на животниот стандард, посебно со натамошниот интензивен пораст на опременоста на домаќинствата со производи од потрајна вредност, со ширењето на станбената изградба и со промените во структурата на потрошувачката воопшто, се цени дека ќе нараснуваат и потребите од занаетчиски и комунални услуги. Сè ова ќе условува и бара натамошен брз развој на занаетчиството и на другите дејности од комуналното стопанство. Постојните истражувања укажуваат на тоа дека релативно брз развој треба да се очекува во сите делови на занаетчиството (производното, градежното и услужното), но посебен акцент ќе треба да има услужното и градежното занаетчиство.

## ПРОИЗВОДСТВЕНА ОРИЕНТАЦИЈА

Производствената ориентација во наредниот период, врз постојана модернизација и реконструкција на стопанството и со развој на ново производство, ќе треба да обезбеди стабилен, континуиран и брз стопански развиток, кој ќе ги покрива идните материјални потреби во Републиката, дел од потребите во другите социјалистички републики и автономни покраини во земјата и ќе обезбеди повисоко ниво на размена на стоки со странство.

Зголемувањето на материјалното производство, по обем и ориентација, треба да обезбеди рационално ангажирање на сите фактори на производството и на факторите за интензификација на стопанисувањето. Тоа истовремено треба да создава услови и за проширување на дејностите со ново производство и активности, со нова техника и технологија, со нова и поразвиена организација на работата и друго.

Идниот растеж и производната ориентација, исто така ќе мораат да бидат насочени и кон создавање на материјални услови за продуктивно ангажирање на активното население.

Во рамките на идната производна ориентација од заеднички интерес е тежиштето на развојот да биде насочено кон решавање на следните прашања кои се од структурен карактер и од подолгорочно стратешко значење:

**1. Натамошна диверзификација на стопанската структура е заеднички интерес и потреба и за разлика од последниве години таа треба да добие понагласено место во идната производствена ориентација**

Сите истражувања упатуваат на тоа дека е тоа неопходност и дека ќе има вонредно значење за идната етапа од развојот и ќе станува сè позначаен фактор од кој во голема мера ќе зависи динамичниот и порамномерниот развој на Републиката врз потрајна основа.

(1) Идните текови, кои во подолг период се очекува да бидат следени со недостиг на суровини, даваат реална шанса врз повисока валоризација на природните богатства видно да се прошири производството во Социјалистичка Република Македонија и да се искористат определените компаративни предности. Досегашните геолошко-рударски и технолошки истражувања непобитно укажуваат на тоа дека во стартот на идната развојна етапа се располага со значителни резерви на минерални суровини, кои по својот обем, вид и квалитет, за подолг период ќе претставуваат силна подлога за развојот на Републиката. На овој план, покрај јагленот, од особено значење се утврдените резерви на железо, олово, цинк, бакар, никел, антимон, повеќе благородни метали и голем број неметални руди и украсни камени.

Со веќе донесените инвестициони одлуки во стопанството, во идната етапа од развојот ќе се изградат капацитети за користење на рудните резерви на никел и бакар. Со нивната изградба ќе се обезбеди континуитет во создавањето на основа за траен динамичен пораст на извозот и основа за натамошна диверзификација на производството, преку преработка на металите.

Од гледиште на извозот и развојот воопшто, од заеднички интерес е да се обезбеди искористување и на другите минерални резерви и да се оствари натамошно ширење на производството на феролегури.

И во идниот период треба да се обезбеди натамошно интензивно истражување на минералните и другите природни ресурси и да се преземаат мерки за нивно активирање што ќе обезбеди континуиран и подолгорочен развој на Републиката.

(2) Проширување на индустриското производство врз подигање на степенот на финализација исто така претставува широка можност за диверзификација на стопанската структура.

Во стопанството денес е создадена проширена и квалитетно нова материјална основа врз која постои можност да се оствари побрз развој на преработувачката индустрија. Тоа го обезбедува проширеното производство на основните метали во црната и обоената металургија. Значајна основа и импулсивен фактор за развој на обемна и разновидна преработувачка индустрија ќе претставува и производството на синтетските влакна, пластичните маси и поливинилацетатот, а посебно ПВЦ комплексот кој е пред довршување.

Освен тоа, земјоделството во наредниот развоен период ќе навлезе во квалитетно нова и значајна фаза, во која ќе се создадат услови за осетно зголемување на производството, а истовремено и за подинамично подобрување на производната структура. Тоа ќе обезбеди значително поголем обем на земјоделски производи, сточна храна и суровини за преработувачката индустрија.

Од општ интерес е развојот на преработувачката индустрија врз преработката и финализацијата на производите од металургијата и неметалите, хемиската индустрија и земјоделството, во наредниот период да добие одреден приоритет во трансформацијата на стопанската структура. Тоа е услов да се надмине и проблемот на недостиг на акумулација, кој е наш крупен проблем и кој, покрај другото, е резултат и на сè уште, недоволно развиената стопанска структура и степен на финализација на производството. Ова е од интерес и благотворно ќе влијае и врз покачувањето на вработеноста.

Во рамките на оваа ориентација неопходно е да се обезбеди побрз развој на преработувачката индустрија од металопреработувачкиот комплекс и електроиндустријата. Врз оваа основа, засилен и покомплексен развој се цени дека треба да оствари производството на железните лимови, оловото, цинкот, бакарот и алуминиумот. За ширење на овој вид производство од фундаментално значење е колку успешно тоа ќе се вклопи во пошироката поделба на трудот, преку развивање на специјализација, производствената кооперација, деловно-техничката соработка и воопшто активното следење на техничкиот прогрес.

Врз создадената основа во хемиската индустрија неопходно е: да се прошири употребата на синтетски суровини, да се интензивира процесот на експанзија на високовредни производи во комплексот на индустријата за текстил и кожи, да се прошири преработувачката на пластични маси и да се воведат повеќе нови производи сврзани со развојот и модернизацијата на градежништвото.

Натамошната хемизација на земјоделството и шумарството создава простор за натамошен развој и на производите за заштита на растенијата и добитокот, а во рамките на неорганскиот дел, за проширување на производството на базни суровини, особено производството на вештачки ѓубрива. И во областа на фармацеутската индустрија се очекува натамошен скоковит пораст на производството и проширување на асортиманот на производите. Ова е неопходно да се оствари со позабрзан развој и на базните фармацеутски суровини.

Неметалните суровини, по својот обем и структура, исто така претставуваат потенцијал врз кој на потрајна основа ќе може да се обезбеди динамичен и комплексен развој на преработувачката индустрија на неметали и на индустријата на градежни материјали. Во тие рамки е неопходно тежиште да добие ориентацијата кон повисоко облагородување на неметалните суровини и постојано ширење на асортиманот во стакларската, керамичката, индустријата за огноотпорни материјали и друго. Истовремено, одредено нагласено место е неопходно да добие и производството на градежни

материјали. потребни за идниот брз процес на осовременување на градбата и примена на нови градежни методи.

Врз повисокото земјоделско производство и потребите за исхрана, особено ќе се засили преработката на месо, млеко, овошје, зеленчук и производството на сточна храна.

За идниот развој од значење ќе биде и натамошниот развој на другата преработувачка индустрија, а особено остварувањето на динамично темпо на производството во примарните фази во дрвната индустрија, осетно покачување на производството на целулоза и хартија, развојот на производството во текстилната индустрија што ќе доведе до поцелосно усогласување на производството од фазите на примарната и финалната доработка и повисока употреба на синтетски суровини.

(3) Имајќи предвид дека пред идниот развој на земјоделството ќе се поставуваат многу поголеми барања за обезбедување на храна, покривање на поголемите потреби на преработувачката индустрија и создавање на можности за поголем извоз, во производствената ориентација посебно место ќе добие сточарското производство, развојот на суровинската база, како и производството за кое постојат изразити компаративни предности во Републиката. Унапредување на сточарството има и пошироко значење. Тоа се наложува и од аспектот на интензификација и стабилизација на земјоделското производство, а големо значење има и за активирање на потенцијалите во ридско-планинските подрачја.

Развојот на сточарството ќе биде условен од побрзото зголемување на сточниот фонд, со истовремено покачување на производноста по грло и соодветен развој на крмната база. Во развојот на сточарството поголемо значење ќе треба да му се даде на говедарството, а во ридско-планинските подрачја и на овчарството. Производството на млеко и натаму ќе претставува значајна компонента во говедарството. Заради ублажување на недостигот од месо, подолг временски период ќе се наметнува потребата од побрз развој и на свињарството, како и на производството на живинско месо. За зголемување на производството на млеко и месо, неопходно е создавање на поповолни економски услови, како и еднакви економски услови за производство во општествениот и индивидуалниот сектор. Во значително поголема мерка отколку досега, во наредниот развоен период неопходно е да се користат реалните можности за побрз развој и на рибарството. Езерата, реките и бројните акумулации, а особено изградбата на рибнички капацитети, даваат широки можности за развој на ова производство.

Во растителното производство треба да имаат предност доходните и трудоинтензивните култури. Од житните култури, покрај пченицата, повеќе ќе се форсира и пченката како сточна храна. Со оглед на брзиот растеж на потрошувачката, има потреба од позабрзано ширење и на производството на шеќерната репа и сончогледот, поради отстранување на дефицитот во шеќер и масло за јадење. Максимално ќе се користат реалните природни услови и другите расположливи потенцијали за зголемување и на производството на ориз и памук, поради големите потреби и дефицитарноста на овие производи. Околу 50% од вкупните потреби на ориз и скоро целосните потреби на памук во Југославија се намируваат од увоз, а постојат можности овој дефицит да се намали. Тутунското стопанство во наредниот период ќе се развива преку воведување на таква производствена структура која ќе овозможува најрационално користење на условите (почвено-климатски), создавање на поголем доход по единица површина и вложен труд како и примена на современа техника и технологија.

Производството на зеленчук, како трудоинтензивно и високодоходно, би требало максимално да се зголемува. Лимитен фактор, меѓутоа, ќе претставува можноста за пласман, кој проблем сè уште не е надминат и ќе мора многу порадикално да се решава. Еден од најважните предуслови за подинамично ширење на зеленчукот е изградбата на модерна конзервна индустрија со квалитетно производство и доволен капацитет, кој ќе може да ги прифати зголемените пазарни вишоци. Посебно значење во нашите климатски услови има побрзото ширење на производството на зеленчук во заштитен простор, како и на раното производство на отворено.

Производството на овошје и грозје и на нивните преработки, неопходно треба да се развива во согласност со растежот на потрошувачката во земјата и со можностите за извоз. При тоа, потребно е да се подобрува квалитетот и асортиманот на производството.

Развојот на земјоделството е неопходно да се темели врз брзиот растеж на општествениот сектор и поцелосно користење на потенцијалните можности на индивидуалните стопанства. Во општествениот сектор, покрај другото, ќе треба да се создаваат услови за зголемување на обработливата површина, која во последниве години стагнира. Јакнењето на овој сектор е од општ интерес за зголемување на земјоделското производство како и за натамошна социјалистичка преобразба на земјоделството. Во наредниот период овој сектор треба повеќе да се ориентира кон проширување на интензивните култури и особено кон зголемување на сточниот фонд. Покрај унапредувањето на сопственото производство, општествените организации во иднина треба поголемо внимание да обрнуваат на развојот на кооперативните односи со индивидуалните производители.

И покрај остварените значајни резултати во индивидуалниот сектор, постојат уште мошне големи неискористени резерви што се гледа во релативно ниските приноси, недоволната продуктивност на трудот и малата доходност. Тоа налага позабрзано интензивирање на индивидуалното земјоделство во прв ред преку натамошен развој на кооперацијата со општествениот сектор. Значајна улога ќе има и меѓусебното здружување на индивидуалните земјоделци врз основа на новите уставни промени. Кооперантските односи со општествениот сектор и задругарството треба да станат преовладувачки однос, со кој ќе се надминуваат производствените и институционалните лимити на индивидуалниот сектор.

За побрз развој на земјоделството неопходно е активна и ефикасна аграрна политика изразена преку: обезбедување на стабилни услови за стопанисување и средување на домашниот пазар со земјоделски производи врз база на поширока интеграција меѓу земјоделството, преработката, прометот и поголемите потрошувачки центри.

Битен услов за зголемување на земјоделското производство претставува порационалното и поцелосното користење на расположливите потенцијали, посебно на хидромелиоративните системи за наводнување. Исто така ќе треба да се решава и проблемот на напуштените површини, кои се погодни за користење.

Со соодветни економски, организациони и други мерки треба да се создадат услови за развој и поефикасно искористување на расположливите потенцијали и во ридско-планинските подрачја.

(4) Тргнувајќи од состојбата на шумскиот фонд во Републиката и неговиот репродуктивен потенцијал, во политиката на идниот развој на шумарството ќе се продолжи реализацијата на долгорочните програми за развиток на шумарството и за мелиорација на голините во СР Македонија (1971—1990 година) и Резолуцијата за стопанисување со шумите во СР Македонија. Стопанисувањето со шумите, како дејност од посебен општествен интерес и како битен фактор во заштитата на човековата околина, ќе базира врз интензивни шумско-одгледувачки и мелиоративни работи и мерки,

кои ќе значат проширување и квалитетно подобрување на шумскиот фонд со системно обновување преку пошумувања со садници, претежно од иглолисни видови дрвја.

Во проширувањето на шумскиот фонд и побрзото обезбедување на суровини за дрвната индустрија, значајно место ќе заземе подигањето на насади од брзорастечки видови дрвја, посебно брзорастечки тополи.

За остварување на интензификацијата на шумското производство ќе јакне и техничката база со проширување на шумските комуникации и механизацијата, за што ќе се остварат поголеми вложувања под поповолни услови.

Пошумувањето на голините во идниот период ќе продолжи со посилно темпо, применувајќи поголема рационализација и механизација во производството на фиданки и нивното садење. Поврзано со ова, соодветна грижа ќе биде посветена и на мелиорирањето на еродираните површини на падините околу хидромелиоративните и хидроенергетските акумулации заради заштита од затрупување со нанес.

(5) Имајќи го предвид поширокото влијание на туризмот врз економското активирање на подрачјата и на населението, како и врз развојот на многу други дејности и врз подобрувањето на условите за одмор и рекреација на населението, развојот на туризмот и натаму ќе има посебно значење и ќе биде од општ заеднички интерес за целокупниот развој на Републиката. Оттаму, развојот на туризмот ќе продолжи да се остварува на поширокото подрачје во Републиката.

Од позиција на натамошниот развој на стационарниот вид на туризам, езерските места и во наредната етапа од развојот ќе имаат доминантно место во развојот и во нив ќе се остварува повеќе од половината од вкупниот туристички промет. Покрај езерските места, за развој на стационарниот туризам, позначајно место ќе треба да добијат и планинските и бањските места. Од интерес е овие можности сè повеќе да се користат и за развој на здравствениот и спортско-рекреативниот туризам.

Динамичниот развој на личната потрошувачка и зголемувањето на фондот на слободното време, во наредната епата ќе ја наметнува потребата од создавање на услови за развој и на рекреативниот и излетничкиот туризам и туризмот на село. Овие видови туризам особено ќе се развиваат во зоната на поголемите градови.

Напоредно со развојот на стационарниот туризам, од интерес е да се создаваат услови за натамошен развој и на транзитниот туризам.

Проширувањето на материјално-техничката основа на туризмот треба да се врши врз принципите на комплексна изградба. Во изградбата на сместувачките капацитети и натаму се очекува основните капацитети да се зголемуваат побрзо од комплементарните. Приоритетно место треба да добијат капацитетите со средна категорија и за масовен домашен туризам.

### 2. Развој на енергетиката и производството на базни суровини

Разрешавањето на проблемите сврзани со редовното обезбедување на потребите од енергија и базни суровини претставува заеднички интерес и цел на идниот долгорочен развој.

Во идниот период се предвидува натамошен динамичен пораст на потребите од електрична енергија, нафтени деривати и природен гас. Со развојот на производството на електрична енергија, осетно ќе се покачи и потребата од јаглен. Освен тоа, во структурата на употребуваниот јаглен ќе се зголеми и употребата на висококалоричните јаглени (кокс и антрацит). Порастот на потрошувачката ќе го потенцира покрај другото и проблемот на преносот и дистрибуцијата на нафта, електрична енергија и гас.

(1) Обезбедувањето на поголем дел од идните потреби од електрична енергија, во голем степен ќе се потпира врз реализацијата на меѓурепубличкиот — покраински Општествен договор за основите на развојот на електростопанството од 1974 до 1980 година, врз реализацијата на Програмата за изградба на нови електро-енергетски капацитети во СР Македонија во периодот до 1977 година и врз основа на други решенија кои ќе се постигнат со општествен договор. Во рамките на натамошното развивање на преносната и дистрибутивната мрежа, посебно место ќе има изградбата на високонапонската мрежа од 380 KB, чија изградба треба да овозможи Социјалистичка Република Македонија што побрзо да се поврзе со магистралната мрежа на единствениот преносен систем во земјата и со тоа да се создадат оптимални услови за размена и сигурност во снабдувањето на потрошувачите со електрична енергија. Развојот на електростопанството ќе бара значајни инвестициони напрегања. Тргнувајќи од ова и од фактот дека обезбедувањето на електрична енергија е непосреден интерес на здружениот труд на целото стопанство и на населението, врз самоуправна основа треба да дојде до формирање на интересна заедница, која ќе стане и носител на обезбедувањето на средства и на решавањето на оваа крупна задача на идниот развиток.

Во наредниот период ќе биде неопходно комплексно истражување на енергетскиот развој на Републиката во сите видови енергија, вклучувајќи ја и нуклеарната, и изработување на долгорочна проекција за најрационална комбинација во употребата на различните енергетски ресурси.

(2) Тесно поврзано со производството на електрична енергија ќе се развие и производството на јаглен, а поврзано со производството на сурово железо ќе се развие и производството на кокс.

(3) Ценејќи ја потрошувачката на нафтени деривати како доста пропулзивен вид на енергија и гориво, значаен можен извор за порационално решавање на енергетските проблеми како и основа за натамошни позитивни промени на производствената структура на стопанството, индустриското производство ќе се прошири и со производство од нафтената индустрија.

Гасовидните горива, со оглед на своите технолошки карактеристики, исто така ќе заземаат сè позначајно место во енергетскиот биланс. Преку нивната повисока употреба во еден дел од индустријата и домаќинствата, во иднина треба да се изврши значителна супституција на сега употребуваната енергија.

Истовремено со развојот на индустријата на нафта и поголемата употреба на гасовидните горива, ќе се вложат напори за изградба на нафтовод и гасовод со соодветна мрежа за дистрибуција на гас на поширокото подрачје на Републиката.

(4) Проширувањето на производството на суровини за потребите на веќе изградените капацитети во Републиката, се наметнува како неопходна потреба и тоа неодложно ќе треба да добие одредено место во идната производствена ориентација.

Во овие рамки, од општ интерес е особено да се обезбеди проширување на рудничките и флотациските капацитети до ниво што ќе обезбеди доволно производство на олово-цинков концентрат за намирување на изградените топилнички капацитети во Републиката.

Решавањето на проблемот на полуфабрикати потребни за веќе изградените валавнички капацитети во црната металургија, врз трајна основа, треба да се бара во обезбедувањето на сопствено производство на челик. Тоа претпоставува оптимализација на примарните капацитети на челик до близу два милиона тони и изградба на соодветен капацитет за производство на кокс. Ова се наметнува како нужност, условена во прв ред од потребата за валоризација на веќе вложените сред-

ства, кои се доста значајни, како и од интерес за намалување на зависноста од увозот на репроматеријали во Републиката.

Идниот развој на хемиската индустрија ќе условн натамошно корелативно зголемување на потрошувачката на цела редица интермедиери и други исходни суровински компоненти и тоа сè повеќе ќе ја потенцира зависноста на производството од увоз на основните суровини и репроматеријали.

Надминувањето на овој проблем е од општ интерес и тоа ќе треба да се решава со развој на капацитети неопходни за покривање на сегашните и идните потреби од повеќе интермедиери и други исходни суровини од органската базна хемиска индустрија. Техничко-технолошките и економските карактеристики на овие капацитети се такви што ќе бараат, покрај другото, време и значајни инвестициони напрегања. Поради тоа, врз договорно здружување на трудот и средствата на основните организации на здружениот труд кои имаат определен заеднички интерес и се зависни во процесот на репродукцијата ќе треба да се изнајдат најрационални заеднички решенија.

### 3. Натамошен развој на сообраќајната инфраструктура

Во сообраќајот ќе се јавува потреба од замена на застарените и проширување на недоволните сообраќајни капацитети и од соодветно прилагодување на структурата на транспортните и телекомуникационите капацитети. Притоа, неопходни ќе бидат постојани напори за подобрување на квалитетот и ефикасноста на транспортните услуги, рационализација на транспортните трошоци, прилагодување на потребите за јакнење на општонародната одбрана, ефикасно вклучување во европскиот транзитен систем, создавање на услови за постепено воведување на интегрален транспорт и слично. Сообраќајниот систем треба да биде опремен со адекватен систем на автоматизирано управување и информирање и со поширока примена на кибернетиката, што ќе доведе до повисока оптимализација на производните процеси и унапредување на сообраќајните системи.

Во железничкиот транспорт од интерес е да се постигнат релативно поголеми технички брзини, со доминација на електричната влеча на висофреквентните линии, измена на железничките транспортни средства и подобрување на нивната структура како и значително зголемување на носивоста.

Патниот сообраќај е неопходно да се остварува со натамошно зголемување на капацитетите, специјализација на возилата како и со развој на сите придружни објекти потребни за негово редовно функционирање и опслужување.

Развојот во идниот период ќе наметнува потреба од соодветен развој на воздушниот сообраќај кој во Републиката е недоволно развиен. За ова ќе биде нужна натамошна модернизација и проширување на постојните аеродроми и набавка на средства за патнички и стоковен промет. Истовремено ќе треба да се вложат и напори за развој на авијацијата за потребите на земјоделството и шумарството.

Развојот на градскиот сообраќај е неопходно да се остварува преку проширување на линиите и капацитетите за да се обезбеди подобра опфатеност на градското и приградското население и да се подобри квалитетот на услугите.

Тргнувајќи од потребата од пошироко отворање и поврзување со соседните земји и за постигање на побрз и поефикасен сообраќај, и натаму ќе се преземаат зафати за изградба и модернизација на сообраќајните и сообраќајните капацитети.

Според оптовареноста и фреквенциите на одделни линии во железничкиот сообраќај, неопходно е да се продолжи со натамошни зафати за: вградување на сигнално-сигурносни уреди на линиите; капитален ремонт на линиите, со цел да се оспособат за поголем осовински притисок; електрификација посебно на магистралната линија Скопје — Гевгелија; изградба на континерски терминали; и механизација на претоварот и друго. Покрај довршувањето на објектите во градба, се очекува да отпочне изградбата и на нови железнички сообраќајници од магистралната линија од албанската до бугарската граница.

Натамошното одржување, изградба и модернизација на патната мрежа неопходно ќе се наметнува со несмален интензитет за подолг период.

Одржувањето на патната мрежа во наредниот период неопходно треба да добие позначајно место и со тоа да се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот и да се зачува стандардот на патиштата.

Приоритет во градбата, модернизацијата и реконструкцијата на патната мрежа во Републиката во идниот период треба да има основната патна мрежа, а посебно патиштата од магистралните патни правци и патиштата што ја вклучуваат Републиката во европските транспортни текови. Одреден акцент ќе добие модернизацијата и реконструкцијата и на регионалната патна мрежа, патиштата кои ги поврзуваат туристичките и историските локалитети, како и патиштата што ги поврзуваат селските и другите населени места со стопански поразвиените подрачја во Републиката. Во овие рамки ќе биде од општ интерес приоритетно значење да добијат патните правци и зафати кои обезбедуваат покачување на пропусната фреквенција на патот и поголема сигурност на патот во сообраќајот.

Општа потреба е да се обезбеди надминување на досегашната неусогласеност меѓу реалните потреби и можности на поштенско-телеграфско-телефонските капацитети во Републиката. Со идното проширување и модернизација на поштенската мрежа треба да се опфатат најоддалечените места и да се ликвидираат таканаречените вондоставни подрачја во Републиката. Со изградбата, проширувањето и модернизацијата на капацитетите на телефонскиот сообраќај неопходно е да се обезбеди ниво од најмалку 13 телефонски приклучоци на 100 жители и да се постигне полна автоматизација во внатрешниот и меѓународниот телефонски сообраќај. Освен тоа, со развојот на телеграфските капацитети се смета дека е неопходно да се достигне ниво што ќе обезбеди секоја поголема работна организација, орган на управата и други институции, за чие работење тоа е неопходно, да располагаат со телекс-приклучоци.

### 4. Порационално искористување на водните ресурси и подобрување режимот на водите

Порационалното искористување на водните ресурси и подобрување режимот на водите, со оглед на сушните услови во Македонија и очекуваниот брз растеж на потребите од вода, ќе има извонредно значење за натамошниот развој на Републиката. Поради тоа и во наредниот период ќе треба да се обезбеди неопходен континуитет во развојот на водостопанството.

За покомплексно и порационално користење на водите тежиштето ќе биде дадено особено на решенијата кои ќе обезбедуваат повисоко израмнување на сезонското, односно годишното протечување на водите, надминување на неповолниот регионален распоред на водите и на прифаќањето на отпадните води. Истовремено, ќе се преземат мерки и против загадување на водите, со цел да се овозможи повеќекратна употреба на истата вода.

Во рамките на оваа глобална ориентација одреден приоритет ќе имаат хидромелиоративните зафати кои истовремено го решаваат проблемот на наводнување на површините, обезбедуваат производство на хидроенергија и снабдување на индустријата и населбите со вода.

Снабдувањето на населението со вода и во идниот период ќе претставува важен проблем за чие решавање ќе се обрне посебно внимание. Овој проблем ќе се решава, покрај другото, и преку рационално користење на површинската и подземната вода, односно со користење на природните извори, бунари, акумулации и водотеци.

Од значење ќе биде и натаму да продолжи ширењето и на мелиорациите од локален карактер.

За подобрување на водниот режим во СР Македонија е неопходно да се продолжи со уредување на пороите и регулирањето на речните корита, како и со одржување и реконструкција на досега изградените објекти, со цел за намалување на штетните последици од поплави и ерозија.

За натамошно насочување на водостопанската активност ќе биде неопходно да се изготвуваат студии и друга техничка документација. Во овие рамки ќе се изготвува студијата за интегрален развој на сливот на реката Вардар и студијата за пловниот пат Морава — Вардар.

Со оглед на тоа што подобрувањето на водниот режим и рационалното искористување на водните ресурси претставува општ интерес, дејноста и активностите од областа на водостопанството ќе се остваруваат во согласност со водостопанската основа на СР Македонија преку самоуправни интересни заедници.

## РАЗВОЈОТ НА НАУКАТА, ТЕХНИЧКИОТ ПРОГРЕС И КАДРИТЕ

1. Во наредниот период, под дејството на производствената ориентација и техничко-технолошкиот прогрес, ќе дојде до значајни промени во структурата на стопанството. Ќе се зголемува учеството на индустриското производство, на терцијарниот сектор, а ќе дојде до релативно смалување на учеството на земјоделското производство. Структурата на индустриското производство, исто така ќе се менува во насока на поголемо учество на црната и обоената металургија, електроиндустријата, метало-преработувачката и хемиската индустрија, кои својот растеж претежно го базираат врз асимилација на науката и техничко-технолошкиот прогрес. Продор на техничко-технолошкиот прогрес се очекува и при агроиндустрискиот и транспортно-комуникациониот комплекс. Сè ова ќе наложува особено внимание да му се посвети на техничкиот прогрес.

Тргнувајќи од очекуваните промени во производството, имајќи го предвид брзиот развој на науката и техничкиот прогрес во светот и другите услови, натамошното проширување на научните активности, унапредувањето на научно-истражувачката работа, зголемувањето на ефикасноста на научните достигања како и што понепосредното поврзување на науката и производството, ќе претставуваат сè поголема потреба и преокупација на идниот развој на Републиката.

Политиката за развој на науката и технологијата е неопходно да се остварува врз долгорочната програма за развој на научно-истражувачката работа.

Притоа ќе биде неопходна поцврста поврзаност на научната политика со развојните цели и задачи и нејзина насоченост кон проблемите на научно-техничкиот прогрес во стратешките правци на материјалниот и општествениот развиток.

Во идниот период треба да се поддржуваат и иницијативите за формирање на мрежа на научни институции (заводи, центри, бира, институции, консултантски организации, инженеринг организации и слично) кои се трансфер на научните, технолошко-техничките и економските знаења и со сопствени истражувања, работејќи врз принципот на доход, ќе му даваат на стопанството одредени услови и ќе придонесат за постепено намалување на технолошката зависност од странство. Истовремено ќе се потпомага формирањето на научни кадри преку стипендирање, специјализации и со други форми на усовршување.

Организациите на здружениот труд и нивните асоцијации треба да му посветат посебно внимание на создавањето и јакнењето на истражувачко-развојните служби во организациите на здружениот труд и тие треба да добијат ист општествен третман како и самостојните научно-истражувачки организации. Притоа, треба да се остварува постојана соработка и размена на кадрите меѓу науката и стопанството.

Афирмацијата на науката и научно-истражувачката работа во функција на општествено-економскиот развој и техничко-технолошкиот прогрес претпоставува интеграција и нејзино суштинско поврзување со стопанството и општествените дејности. Самоуправните интересни заедници и особено интересните заедници за наука, во идниот период ќе претставуваат основни институционални облици на слободна размена на трудот.

Самоуправните спогодби и општествените договори ќе бидат подлога за конкретизација и реализација на договорената политика и остварување на општествената улога на науката и нејзината интеграција во здружениот труд.

Непосредното програмско поврзување на научно-истражувачката работа и образованието ќе претставува битен услов за зголемување на нивната општествена функционалност.

Во идниот период меѓурепубличката и меѓународната научна соработка треба да заземе позначајно место во развојот на научната дејност.

Поуспешната и благовремената примена на технолошко-техничките достигнувања претпоставува развојот на системот на информации да добие посебно место. Од неговата ефикасност во прибирањето, обемот, чувањето и благовременото доставување на информациите ќе зависи, покрај другото, и практичната примена на техничко-технолошките достигања. За да се спречи применувањето на технолошки решенија, за кои има веројатност брзо да бидат заменети со понови и попродуктивни, ќе биде потребно пошироко да се организираат прогнозистички истражувања во секторот на науката и технологијата, со кои треба да се укажува на овие можни појави.

Во идниот развој, воведувањето на иновациите и измените во технологијата треба да станат редовна задача. Тоа мора да стане законитост на развојот, без која не ќе може да има напредок. Оттаму, ќе мора да се стимулира што е можно повеќе креативноста, рационализаторството и новаторството и да се воведуваат научни методи во производството и деловната активност. Тоа претпоставува, организациите на здружениот труд и нивните асоцијации да им обрнат значително поголемо внимание на развојните служби и на организацијата на истражувачката активност.

Во некои подрачја, кои се од важност за унапредување на науката, техниката и технологијата, од големо значење ќе биде широко да се заинтересираат и ангажираат работните луѓе и граѓаните особено на подрачјата како што се: заштита на човековата околина, издигање на нивото на техничката култура, чување на здравјето и работната способност, унапредување на стандардот на живеењето и личниот стандард и друго.

2. Развојот во наредниот период сè повеќе ќе зависи од степенот на општото и стручното образование на населението. Во услови на современа стопанска структура и сè поголема поделба на трудот, растечката вработеност сè повеќе ќе се потпира врз апсорбирањето на систематски образовани кадри.

Оттаму, образованието на потребните кадри ќе има сè позначајна улога и ќе претставува особено важен фактор за севкупниот развој.

Ова ќе бара системот на образованието, особено на насоченото, да се рационализира и сообрази со потребите на развојот. Притоа, нужно внимание треба да се посвети и на развивањето на современи форми и методи на стручното и специјализираното образование кои ќе го овозможат повратното и перманентното образование.

Потребните кадри во наредниот период ќе бидат со повисока образовна структура и со поширока професионална насоченост од таа што е денес застапена.

Во глобални рамки релативно брзо ќе растат потребите од стручни знаења во сите области, а посебно на тие што се сврзани со развојот на материјалното производство. Притоа, ќе доминираат стручните знаења од индустриска дејност, кои ќе имаат интензивна динамика. Ова особено се однесува на кадрите со стручни знаења од хемиската индустрија, металопреработувачката и електроиндустријата, потоа од областа на металургијата и индустријата на неметали и преработка на земјоделски суровини. Сврзано со материјалното производство, значајни ќе бидат и потребите од стручни знаења од областа на примарното земјоделско производство, сообраќајот, прометот и вршењето на услугите.

Во општите потреби од кадри во идниот период ќе преовладуваат потребите од кадри со професионална насоченост од техничките и од економски струки. Во таа смисла, образованието на кадри ќе треба да биде насочено кон обезбедување на инженери и техничари од различити профили, особено машински, хемиски, електротехнички, сообраќајни, водостопански, рударски, потоа кадри од биолошки и ветеринарни науки. Од идните потребни кадри со економски знаења, треба да преовладуваат тие со знаење на финансиите, планирањето и организацијата на производството и услугите и раководните функции.

Сврзано со натамошниот развој, покрај овие профили, позначајно место ќе добиваат и одредени други стручни кадри како правници, психолози и социолози, научно-истражувачки, уметници и слично. Истовремено, во идниот период ќе се одржи релативно интензивен пораст на потребите од кадри и од другите активности. Тоа особено се однесува на кадрите од областа на медицината, наставнички и други кадри за образование и воспитување.

Сè ова претпоставува во наредниот период да се остварува осетно повисок степен на образовна структура на новите кадри, а соодветно на тоа и поразвиен систем на образование. Според тоа, идниот систем на образованието треба да обезбеди подинамични промени во функцијата на знаењата и способностите и изнаоѓање на поадекватна професионална квалификациона структура на кадрите воопшто.

Обемот и содржината на знаењето е оценето дека постојано ќе се менува, во зависност од промените во структурата на материјалното производство и другите општествени дејности, научно-технолошкиот прогрес, менувањето на техничките карактеристики на средствата за производство и организацијата на работата во целина.

## ПОПУЛАЦИОНА ПОЛИТИКА И ПОЛИТИКАТА ЗА ЕКОНОМСКО АКТИВИРАЊЕ НА РАБОТНОСПОСОБНОТО НАСЕЛЕНИЕ

1. Популационата политика, во својата основа и глобална насока, треба да овозможи натамошен апсолутен пораст на населението во Републиката. Притоа, растежот на населението е неопходно да биде поумерен, но доволен да го поддржува економскиот и социјалниот развој за подолг период. Тргнувајќи од положбата во стартот, за која сè уште е карактеристичен релативно високиот наталитет и морталитет на населението, посебно место и нагласок во идната популациона политика ќе добие рационализацијата на биолошката репродукција, темелена врз поумерен наталитет и врз смалување на загубите на населението. За постигнување на ова, од првостепено значење е да се афирмираат уставните одредби за планирањето на семејството и видно да се намали смртноста на доенчињата и на децата во раното детство, која сè уште е изразито висока. Со натамошното проширување на здравствената заштита и подигање на нивото на здравствениот стандард воопшто, од значење е да се создадат услови, кои ќе овозможат и продолжување на средното траење на животот на луѓето. Стапката на смртноста на доенчињата се очекува да се намали на околу 30 промили, а средното траење на животот на луѓето да достигне преку 68 години. Досегашните движења на природниот прираст на населението, и активниот однос кој ќе се остварува во рамките на идната популациона политика, даваат основа интензитетот на природниот прираст кон 1985 година да се сведе од 15,6 на 11,3 промили. Иако намален природниот прираст и натаму би бил интензивен и над движењата во целата земја, што ќе доведе и до покачување на учеството на населението од СР Македонија во вкупното население во Југославија.

2. Во идната декада од развојот ќе се остварува натамошен апсолутен пораст на населението од околу 24 илјади средно годишно. Вкупниот број на населението се цени дека ќе се зголеми и во 1985 година ќе достигне ниво од близу два милиона (1990 илјади) жители.

Истовремено треба да се очекува дека ќе дојде и до соодветни измени во старосната структура на населението. Порастот на населението во старосните групации од 0—19 години и во таа од 20 до 24 годишна возраст се очекува да биде помирен. Поголеми измени, односно поголем прилив се очекува, пред сè, кај генерациите меѓу 25 и 34 години и кај генерациите околу 50—54 годишна возраст и преку 55 години.

Врз очекуваните поместувања во старосната структура на населението, работноспособното население се очекува да се зголемува средно годишно по 20 илјади лица или со стапка на пораст од 1,6%, што и натаму ќе наложува одржување на релативно висока динамика за негово активирање.

(1) Измените во економската активираност во работноспособното население и во економско-социјалната структура, можат да се остварат само во услови на динамичен стопански развиток. Во спротивно, тоа би довело до засилена загуба на населението преку емиграција и пораст на невработеноста, кој и во стартот на идниот развој е доста голем.

Излезна основа и решение за поголема вработеност на населението, пред сè, ќе треба да биде рационалното проширување на работните места во неземјоделските дејности во општествениот сектор. Врз таа основа неопходно е да се создаваат можности и услови за вработување на целиот прираст на активното население, намалување на тековната невработеност и за вработување на привремено вработените во странство. Тоа претпоставува, вработеноста во општествениот сектор да се остварува со средна годишна стапка на пораст од околу 4%. Овој пораст на вработеноста е неопходно да биде остварен со истовремен интензивен пораст и на техничко-технолошкиот развој и продуктивноста на трудот.

Врз покачувањето на вработеноста, позитивно ќе влијае ориентацијата кон забрзана диверзификација на производствената структура, покачувањето на степенот на финализацијата и ширење на асортиманот на производството, промените во структурата на земјоделското производство, одржувањето на интензитетот на градба на сообраќајници и објекти од водостопанството, забрзаната станбена изградба како и ориентацијата кон покачување на местото на терцијарниот сектор во идната стопанска структура на Републиката. Одредено значење ќе има и проширувањето на дејностите од областа на науката, образованието и воспитувањето, здравството, финансиите и надворешнотр-

говската размена, кои реално ќе заземаат повисоко место во општата активност, а со тоа и во вработувањето на населението.

Идниот развој на енергетиката и на производството на основните суровини за постојното стопанство, и покрај нивниот интензивно капитален карактер, ќе има, покрај другото, одредено директно и индиректно значење и за покачувањето на вработеноста на населението. Нивната градба ќе услови побарувачка од градежни услуги и од монтажно инсталатерски работи, дејности кои во Републиката се развиени и вработуваат значаен број лица. Тоа дава шанси да се одржи и повисоко да се ангажира домашното стопанство, а со тоа да се зголеми и вработувањето во овие дејности за подолг рок (четири до пет години).

(2) Ориентацијата кон подигање степенот на вработеноста на повисоко ниво, неопходно е да обезбеди и поголема изедначеност во вработеноста на подрачјето на целата Република. Тоа ќе биде услов да се избегне и нерационалното поместување на населението. Континуираната и обмислена политика, која во рамките на интегралната концепција за градење и оптимализација на стопанската структура ќе обезбеди и разместување на производствените сили, е претпоставка која ќе придонесе за развојот на вработеноста на целото подрачје на Републиката.

(3) Постојната положба и проблемите со кои ќе се сретнува Републиката во идниот развој ќе наметнуваат, подолго време, да се остварува и политиката на преземање на посебни мерки за покачување на вработеноста. Меѓу овие, од особено значење и понатаму ќе биде вработувањето на приправници, оквалификувањето и преземањето на други мерки кои ќе обезбедат поголема мобилност на работноспособните лица, одржувањето на одреден интензитет во ширењето на дејностите со изразито трудоинтензивен карактер и друго.

Во наредниот период истовремено ќе биде потребно поинтензивно да се активираат сите потенцијали на самостојниот личен труд со средствата во сопственост на граѓаните. За таа цел ќе се создаваат поповолни услови (преку фискални и други мерки) за поголемо вработување во земјоделството, во занаетчиството и др.

## РАЗВОЈ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Проширувањето на надворешно-трговската размена и воопшто унапредувањето на економските односи со странство, ќе претставува многу значајна компонента за натамошниот стопански развој на Републиката. Зголемувањето на степенот на вклученоста на стопанството во меѓународната поделба на трудот, ќе се наметнува како неопходен услов за динамизирање на производството и за поголемо искористување на природните ресурси, за натамошно продолжување на процесот на трансформација и осовременување, како и за зголемување на ефикасноста во работењето.

Со оглед на значењето на ова подрачје врз општиот развој, неопходно е унапредувањето на економските односи да придонесе за одвивање на непречени и усогласени текови на надворешно-трговската размена на ниво што ќе го динамизира развојот и ќе обезбеди реализација на повисок степен на покриеност на увозот со извозот.

Денес, преку остварениот извоз, во меѓународната размена вклучена е околу една петтина од вкупното производство на стопанството. Ваквото учество, и покрај тенденцијата на перманентен пораст во последните години, е сè уште релативно ниско и незадоволително. Имајќи ги предвид потребите на стопанството, општата преокупација на развојната политика во наредниот период мора да биде создавање на услови за подолгорочна свртеност кон пласманот на странските пазари и покачување на нивото на извозот, а врз тие основи и проширување на вкупната размена. Потрајниот нагласок кон динамизирање на извозот во периодот до 1985 година треба да обезбеди покачување на учеството на извозот на стоки во општествениот производ на околу една четвртина. Ваквата потреба ќе претпоставува извозот константно да се остварува со побрз темпо на пораст од вкупното производство.

Развојот во наредниот период, ценејќи ги потребите и можностите, треба да овозможи реален пораст на извозот на стоки по стапка од околу 10 до 11% просечно годишно. Врз овие основи, обемот на извозот на стоки во 1985 година би достигнал ниво од околу 700 милиони долари (сметано по цени од 1974 година) и извозот од околу 350 долари по жител. Врз натамошното покачување степенот на вклученоста на стопанството во меѓународната поделба на трудот, поволно треба да дејствува и сè поизразитото покачување на нестоковните девизни приходи и проширување на можностите што стојат во овој поглед.

Нормалните текови во производството ќе бараат натамошен пораст на увозот по просечна стапка од околу 8 до 9%. Остварувањето на поусогласени односи во размената и веројатната присутност на доста сложени проблеми во набавката на повеќе витални производи на светскиот пазар, ќе претпоставува водење на политика на порационален увоз и свртеност кон поголема супституција на одделни суровини и репроматеријали со домашни производи.

Регионалните текови во размената, покрај сегашните правци, треба сè повеќе да се прошируваат и на земјите во развој кои во идниот период ќе бидат сè позначаен фактор во меѓународното стопанство. Ова ќе создава нови можности за проширување на стоковната размена на нашата земја и за развивање на сестрана соработка.

2. Натамошното динамизирање на извозот, покрај соодветни општи услови и перманентен пораст на производството, ќе бара проширување на структурата на производството со нови производи и со повисок степен на финализација. Носител на динамичноста на извозот на стоки и во наредниот период, несомнено, треба да бидат производите од индустријата. Извозот на индустриски производи се цени дека треба да се движи со просечна годишна стапка на пораст од околу 11 — 12%. Значајно влијание за обемот и динамиката на вкупниот извоз ќе имаат и производите од аграрниот сектор и тутунот. Идната експанзија на извозот мора да се потпира на се поголема специјализација, при што, покрај текстилот, чевлите и тутунот, сè понагласено место треба да имаат производите од металургијата, хемиската, електроиндустријата, металната индустрија и неметалите. Конјуктурата на одделни пазари во светот се цени дека ќе биде релативно поволна за повеќето производи што се носители на извозот од СР Македонија. Конкуренцијата во асортиманот, квалитетот, цените и слично, како и другите услови во размената, меѓутоа, ќе бараат натамошни напори за преструктуирање на производството според барањата на пазарот, подигање на конкурентската способност, поорганизирано истапување на странските пазари, како и поширока соработка врз трајни основи.

Реализацијата на задачите во проширувањето и унапредувањето на односите со странство ќе мора да се потпира врз повисоко учество на основните организации на здружениот труд, врз нивно пошироко поврзување и заедничко обезбедување на соодветни услови.

3. Покрај проширувањето на размената за развојот од особено значење ќе биде и напоредното развивање на производствената и техничко-технолошка соработка, индустриската кооперација, поголема финансиска соработка и друго. Поврзувањето со странските партнери врз вакви основи треба да овозможи сè поголема примена на новини во нашето стопанство и неговото вклучување во совре-

мениот техничко-технолошки прогрес. Врз овие и други основи треба да дојде и до поголемо привлекување на странски средства по основ на кредитни аранжмани и заеднички вложувања, за натамошно динамизирање на развојот на материјалната основа и поголемо вклучување на стопанството во меѓународната поделба на трудот.

Развојот на економските односи со странство, неопходно треба да се темели врз долгорочна основа, што е услов за нивна поголема стабилност и за стабилност на развојот на стопанството воопшто. Реализацијата на задачите од доменот на развојот на размената ќе претпоставува и изградување на соодветен систем за поддржување на напорите на самоуправното стопанство за негова сè поголема вклученост во меѓународните текови и за нивно поволно влијание врз развојот.

## РАЗВОЈ НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ И СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Развојот на образованието, културата, физичката и техничката култура, здравството, социјалната заштита и другите општествени дејности и во наредниот период ќе има значајно место во вкупниот стопански и општествен подем. Идниот потребен брз растеж и подигање на нивото на развиеноста воопшто успешно ќе може да се реализира ако се создадат услови за функционално поврзан развиток на овие дејности во процесот на општествената репродукција. Неопходно ќе треба да се обезбедува повисоко општо и стручно образование на населението, подигање на културното ниво, повисок стандард на здравствената и социјалната заштита, повисок степен на општествената заштита на децата и поголем обем на другите потреби на населението.

Со развојот на општествените дејности во досегашниот период, посебно во последните години, измината е крупна и најтешка фаза од развојот на ширење на мрежата и активноста на овие дејности. Денес е создадена основа која во натамошниот развој особено со нејзината модернизација и осовременување, ќе може успешно да ги намирува израснатите и проширените потреби.

Со формирањето на самоуправните интересни заедници се создаваат квалитетно нови услови за постабилни односи и развој на општествените дејности врз подолгорочна основа. Врз идното целосно изградување и зацврстување на самоуправните интересни заедници врз начелата на заемност и солидарност и соодветни видови на непосредна размена на трудот меѓу работните луѓе во материјалното производство и работните луѓе во општествените дејности, тие ќе станат и основни носители во креирањето и реализацијата на долгорочниот развој од оваа област на општествената репродукција.

### 1. Образование

Воспитувањето и образованието, како важен фактор на побрзиот развој на производните сили и на социјалистичките самоуправни односи, ќе зазема сè позначајно место во општиот развој. Основните обележја на идниот развој на системот на образованието ќе бидат масовност, демократичност, солидарност, рамноправност на младите и возрасните и непрекидност. На тие основи треба да се обезбеди рамноправност на сите видови и методи на образование на младината и возрасните.

Со системот на воспитувањето и образованието на младите и возрасните потребно е да се обезбеди поврзување на образованието со процесот на трудот, да се развива самоуправно социјалистичко определување и формирање на марксистички погледи на светот кај младите генерации, оспособување на младите и возрасните за работа и развивање на творечкиот однос кон работата, оспособување на работните луѓе активно да дејствуваат во изградувањето на самоуправни социјалистички односи и оспособување и готовност на сите членови на заедницата за општонародна одбрана и општествената самозаштита.

Остварувањето на осетно повисокиот степен на образовна структура на новите кадри и на населението воопшто, претпоставува, соодветно на тоа, да се обезбеди и поразвиена материјална основа на образованието и да се постигне повисок опфат на децата од предучилишна и училишна возраст и знатно да се подобри ефикасноста во школувањето.

Во севкупните напори во школувањето на потребните кадри за стопанството и општествените дејности и натаму треба да се води грижа за рамноправноста на децата и младината од албанската и турската народност.

За обезбедување на натамошни услови за остварување на овие задачи политиката за развој на образованието ќе биде насочена кон:

— развој на материјалната основа на образованието, со што да се обезбеди натамошно проширување и опремување на училишните капацитети;

— рационално регионално преструктуирање и насочување на мрежата на насоченото средно и високо образование со потребите на стопанството и со потребите на општествената заедница врз подолгорочна основа;

— постојана и брза модернизација на содржината и на методите на наставниот процес;

— сите степени и форми на образование по основното задолжително да ги оспособуваат кадрите за вклучување во процесот на трудот, натамошно школување и перманентно образование.

Во овие општи рамки, во идните години осетно ќе треба да се покачи бројот на учениците со завршено насочено средно образование. Потребата од кадри со насочено средно образование ќе добие многу понагласено место и ќе претставува важен фактор за целиот стопански развој, а истовремено и за развојот на личноста. Постигнатиот степен на развиеност на овој вид образование и покрај остварениот скок, не е доволен да ги обезбеди идните потреби. Оттаму, на проширувањето на насоченото средно образование, во идните години треба да му се даде посебно тежиште. Ова ќе бара да се обезбедува средно годишно околу 16 илјади лица со завршено насочено средно образование што ќе претпоставува во 1985 година околу 60% на децата од генерацијата да бидат опфатени во училиштата од овој вид.

Позначаен скок се предвидува да постигне и претшколското воспитување, кое ќе треба да се остварува со поголем опфат на децата во предучилишните установи и установи со други облици на воспитување. Во предучилишните институции ќе бидат опфатени преку 20% од децата на возраст до 6 години.

Основното образование мора да даде воспитно-образовна основа со која на сите деца ќе им се обезбедат еднакви можности за натамошно образование. Со основно образование во 1985 година претпоставка е да се обезбеди целосен опфат на децата од училишна возраст од 7—14 години. Ова е услов не само да се постигне повисок степен на образованост на населението, туку тоа претставува и услов да се обезбеди редовен континуитет на школувањето на потребниот број на кадри со насочено средно и високо образование.

Во наредниот период треба да се решава проблемот на неписменоста и недооформеното основно образование, особено кај работноспособното население, при што образованието на возрасните ќе добива сè позначајно место во развојната политика на основното образование.

Во високото образование ќе се извршат суштински промени (реорганизација и реформа). Тоа ќе се остварува со процес на интегрирање на наставната со научната дејност, интегрирање на високообразовните организации со самостојните научни организации, а истовремено ќе се реализира и компонентата на дисперзијата како составен дел на политиката на развојот на високото образование,

Во наредните години е неопходно да се обезбеди несмален прираст на бројот на кадри со завршено високо и вишо образование.

При насоченото средно и високо образование, неодложно е да дојде до поголема ориентација на школување на кадри од техничките насоки. Притоа, при насоченото средно образование обезбедувањето на потребите преку школување во редовно организирани училишта за занимања, ќе биде доминантно и на повисок степен од сега достигнатиот. За задоволување на најголем дел од потребите од кадри со високо и вишо образование постојат оформени институции во Републиката. Одделни видови кадри, за кои сега нема организиран факултет во Републиката, останува и натаму да се обезбедуваат преку школување на студентите на други универзитети и со формирање на нови отсеци, школи или факултети.

Идниот развиток на образованието неодложно мора да обезбеди покачување на ефикасноста на сите образовни степени. Денес таа е недоволна и претставува проблем со повеќе видни последици и лимитен фактор, од чие решавање во наредниот период во голема мерка ќе зависат крајните резултати за редовно обезбедување на потребните стручни кадри и во градењето на целокупниот концепт на развој на материјалната основа на образованието. При сегашната ефикасност, практично, не е можно да се обезбедат идните проектирани потреби на кадри според завршеното образование. Ова ќе претпоставува и постојана и брза модернизација на содржината и на методите на наставниот процес.

Развојот на образованието ќе треба да се остварува и со соодветно преструктуирање и рационално разместување на мрежата, следено со подобрување на ученичкиот и студентскиот стандард.

Натамошното проширување на материјалната основа на целокупното образование, неговото регионално разместување и квалитетно преструктуирање и рационализација во мрежата и структурата на образовните институции, треба да се остварува врз долгорочна развојна ориентација и долгорочно утврдени програми.

### 2. Култура

Во изминатиот период, особено во последните десет години, видно се проширени и консолидирани институциите од областа на културата и на средствата за масовна комуникација, со што е создадена квалитетно нова и поразвиена материјална основа за оваа област.

Во наредните неколку години ќе се изгради и даде во употреба нов значаен потенцијал на објекти од областа на културата. Во овие рамки, значајно место ќе има довршувањето на програмата на изградба на спомен-домови на културата, на зградата на Оперско-балетскиот театар, реализација на програмата на Радио-телевизија — Скопје, програмата за изградба на Новинско-издавачкото претпријатие „Нова Македонија" како и изградбата на зградата на Македонската академија на науките и уметностите.

Покрај зафатите на планот на довршување и ефектуирање на оваа значајна преодна програма, која е во тек на реализација, ориентацијата ќе биде и кон: натамошен развој на библиотечната мрежа, со отворање на нови или создавање на подвижни библиотеки во градовите и селата со цел да се обезбеди поголемо доближување на книгата кон читателот; постапно реализирање на долгорочните програми за археолошки истражувања и за заштита на спомениците на културата, кои обезбедуваат да се опфатат најзначајните споменички објекти во Републиката; продолжување на архивските истражувања и микрофилмување на архивската граѓа од посебно значење за изучување на историјата, културата и стопанскиот развиток на Македонија; меморијално одбележување на најзначајните настани и личности од нашата историја; осовременување на кино-мрежата и кинофикација на селата; развој на кинотеката; и остварување на поширока програма на производство на долгометражни играни, кусометражни и документарни филмови.

Во идните години се очекува реализирање и на обемна издавачка дејност, при што особено ќе бидат застапени врвни дела од домашни автори, од богатата ризница на светската уметничка литература и од областа на општествените науки, одделно на класиците на марксизмот на македонски јазик, дела од литературите на југословенските народи и народности, литература за деца и слично.

Ќе се остварува и засилена меѓурепубличка културна соработка и културна соработка со странство.

Сегашната развиена мрежа на културните институции и таа што ќе се создаде со довршувањето на повеќето објекти кои се во изградба и со нејзино натамошно развивање, како и со подобрување на кадровската структура, ќе претставува крупна проширена основа за посредништво меѓу културното и уметничкото творештво и корисниците на овие вредности.

Врз оваа основа уште повеќе ќе се интензивира развојот на културното и уметничкото творештво и ќе се обезбеди натамошна афирмација и развиток на културната дејност воопшто. Ќе се создадат и услови за попотполно задоволување на културните потреби на населението во сите краишта на Републиката, а посебно на непосредните производители и младината. Тоа ќе има сѐ поголемо значење за општиот стопански и општествен развој, за сестран развој и оформување на човековата личност, за развој на творештвото, за афирмација на културното наследство и за создавање и развивање на похумани односи меѓу луѓето и развојот на културата на трудот.

Во идните години ќе се поттикнува културниот развој на селото, развојот на културно-уметничкиот аматеризам, подигање на кадри и нивно ангажирање во културните дејности, осовременување на културните установи и воведување нови и современи методи на работа, како и стимулирање на сите облици на оперативното и програмско поврзување на сродни установи, со што ќе се зголеми квантумот на искористеноста на културните дејности.

### 3. Физичка култура

Ќе се остварува позабрзан развој и на физичката култура со подобрување на кадровската структура и натамошен развој на мрежата, што ќе доведе до нејзино поголемо омасовување, односно до поголема опфатеност на генерациите од детска и младинска возраст, како и создавање можности за примена на спортот и кај вработените, за нивното рекреирање, обновување на работните способности и за забава.

Општествените организации за физичка култура, а посебно организациите на здружениот труд и месните заедници и натаму ќе претставуваат најзначајна форма на доброволно опфаќање на граѓаните и младината во спортските и спортско-рекреативните активности. Со омасовувањето на овие организации, ќе се придонесе за создавање на потребните услови за постигање на афирмативни спортски резултати и унапредување на врвниот спорт, но без тенденција тој да стане професија.

### 4. Техничка култура

Создавањето и развојот на институциите на техничката култура, треба да доведе до подигнување на степенот на техничката култура и нејзино омасовување.

Тоа особено треба да се остварува преку проширување и опремување на просторот во институциите од областа на техничката култура, кабинети во училиштата, пионерските домови и во домовите на културата.

### 5. Здравство и здравствено осигурување

Тргнувајќи од битието на самоуправното социјалистичко општество, во кое грижата за човекот зазема доминантно место, ориентацијата ќе биде, да се обезбеди повисок стандард на здравствена заштита на целокупното население. За таа цел е неопходно да се обезбедат подобри општи хигиенски и здравствени услови за живот во урбанизираните средини, елиминирање на сите заразни болести во подрачјата на примената на имунизација, здравствено-контролирана исхрана, подобрени животни услови и заштита при работа, повисок обем на системска контрола на здравствената состојба на населението и рано откривање на заболените, брзо и ефикасно лечење и рехабилитација на заболените, видно намалување смртноста на доенчињата, со истовремено подобрување на здравствената заштита на мајките и децата.

Остварувањето на поставените цели и задачи сврзани со подобрувањето на здравствената заштита на населението, претпоставува проширување на правата и обемот на задолжителните видови на здравствена заштита и здравственото осигурување со постапно изедначување на правата на земјоделските осигуреници со правата на корисниците на работничкото осигурување и создавање на поразвиена мрежа на здравствените институции, особено на амбулантно-диспанзерската мрежа, оформувани во зависност од патологијата на болестите и потребите на населението. Формирањето на соодветните единици, почнувајќи од локалните, преку интермедијарните до регионалните здравствени центри, треба да ја интегрираат целокупната здравствена дејност. Со изградба на здравствени станици на село, амбулантно-поликлинички и диспанзерски простор, изградба на стационарен простор, развој на современо опремен простор за врвна здравствена заштита на населението во институциите и клиниките на Медицинскиот факултет и со изградба на простор за едукација и подготовки на стручен кадар, кон 1985 година ќе се оствари стандард кој одговара на 650 жители на еден лекар и 8,0 болнички кревети на илјада жители. Тоа треба да се остварува врз принципот на самоуправно договарање од факторите кои треба да обезбедат интегрална целина. Со ова е неопходно да се обезбеди и потребата од подобра регионална рамномерност во здравствената заштита на населението. Во рамките на општите напрегања за намалување на општата стапка на морталитетот, ориентација е, смртноста на доенчињата кон 1985 година да се намали на околу 30 промили. Тоа претпоставува подолг период да се остваруваат системни и координирани посебни активности.

### 6. Социјална заштита

Во идната фаза на економскиот развој, во животот на граѓаните ќе биде застапена натамошна хуманизација на општеството и повисока солидарност. При такви движења и ориентација, заштитата на неспособните за работа, старите и изнемоштени лица без средства за егзистенција, заштитата и рехабилитацијата на лицата со психофизички недостатоци, заштита на децата лишени од родителска грижа, превентивното дејствување за спречување и смалување на делинквенцијата кај младите и превентивното дејствување за спречување на појави на асоцијално поведение кај возрасните лица, како и обезбедување на материјални, сместувачки и други услови за поцелосна опфатеност и покомплексна социјална заштита, ќе претставува заеднички интерес. Ова успешно ќе може да се решава само со координирани акции на самоуправните интересни заедници, на организациите на здружениот труд, месните заедници, општините и со договорно градење на политиката на целата Република.

Истовремено ќе се создаваат услови за организирано воведување и развивање на превентивна дејност во отстранување и сузбивање на причините кои предизвикуваат настанување на социјални појави и проблеми.

Тоа претпоставува и адекватно решавање на кадровските прашања во областа на социјалната заштита, со цел за подобрување на стручната социјална работа во стопанството, образованието, здравството и во некои други општествени дејности, како и формирање и развивање на центри за социјална работа во сите општини.

### 7. Општествена заштита на децата

Општествената заштита на децата претставува подрачје кое во идниот развој ќе има сè поважно и поголемо значење за општата репродукција и во воспитувањето на децата. Оваа потреба произлегува од перманетниот пораст на вработувањето на жената, од издигањето на образовно-културното ниво на населението и за поголемо вклучување на децата во системот на предшколското образование и воспитување, како и од потребата за создавање на поизедначени услови за развојот на децата. Општествената заштита на децата треба да се остварува преку натамошно проширување на капацитетите за дневен престој, за општествена исхрана, одмор и рекреација на децата и натамошно задржување на додатокот на деца како постојана форма на дополнување на приходите на одредени категории на семејства со зачувување на неговата реална вредност. Во овие општи рамки, тежиштето ќе биде дадено на натамошно проширување на капацитетите за непосредна детска заштита, а со тоа и зголемување бројот на корисниците и обезбедување на подобра разместеност, што е услов да се обезбеди и регионално поизедначен стандард на развиеноста на оваа дејност во Републиката. Во натамошното унапредување на облиците и системот на општествената заштита на децата, понагласено место ќе има подобрувањето на општествената исхрана на децата, зголемување на објектите за одмор и рекреација на децата и друго.

Со облиците на општествена заштита на децата ќе бидат опфатени децата до 14 годишна возраст.

### 8. Инвалидско-пензиско осигурување

Ќе продолжи да се проширува и усовршува пензиското и инвалидското осигурување зависно од можностите и движењата во Републиката. При ова ќе се води политика за запазување на реалната вредност на инвалидско-пензиските примања.

Ќе се работи на воведување на пензиско осигурување на земјоделците.

### 9. Заштита на учесниците во НОВ

И натаму ќе се посветува сестрана грижа за обезбедување на материјални и други услови за остварување на правата на учесниците од Народноослободителната војна, воените инвалиди и семејствата на загинатите борци во согласност со економскиот развој и порастот на стандардот на работните луѓе и граѓаните.

## РАЗВОЈ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

Основите на долгорочната политика на економско-социјалниот развој неодложно треба да обезбедат постигнување на перманентен, континуиран и стабилен пораст на животниот стандард, усогласен со општиот економски развој и со порастот на материјалното производство, на доходот, на вработеноста и на општествената продуктивност на вкупното стопанство.

Со политиката на зголемување и подобрување на личната потрошувачка на населението ќе биде неопходно да се остварува такво ниво на потрошувачка, кое ќе овозможи премин кон поразвиена структура на потрошувачката. Тоа треба да

создаде можности за: подобрување на условите на живеење и станување; за поквалитетна исхрана; попотполно задоволување на потребите за облекување и слично; како и за поголемо користење на културните и на другите нематеријални елементи на животниот стандард.

Политиката на постојан пораст на животниот стандард, како битен фактор за реализацијата на подинамичен и поефикасен општествено-економски развиток, претпоставува во распределбата на општествениот производ договорно врз долгорочна основа да се воспоставуваат оптимални односи меѓу акумулацијата и средствата за лична, заедничка и општа потрошувачка. Во рамките на општиот пораст на средствата за животен стандард треба да се остварува политика на подинамичен пораст на општествениот стандард.

Во овие рамки треба да се создаваат услови за задоволување на заедничките потреби во областа на образованието, културата, здравството, социјалната и општествената заштита на децата и во другите подрачја на активноста. Со натамошниот развој на општествениот стандард, респектирајќи го принципот на социјалистичка солидарност, ќе се создаваат услови за потполно изедначување на економските и социјалните односи меѓу работните луѓе.

Врз покачување на продуктивноста и доходноста, спроведувајќи го притоа доследно принципот на распределба според резултатите на трудот, организациите на здружениот труд треба да остваруваат политика на надминување на проблемите на ниските лични доходи. Порастот на личните доходи треба да биде во согласност со порастот на продуктивноста на трудот. Во тие рамки неопходно е да се движат и другите лични примања на име пензии и инвалиднини, социјалните примања, како и примањата од индивидуалниот сектор. Учеството на натуралната потрошувачка притоа би имало тренд на натамошно намалување.

Со зголемување на средствата за животен стандард, значително ќе се прошири просторот за зголемување на одделни видови на потрошувачката. Во структурата на трошоците на домаќинствата ќе продолжи тенденцијата за квалитетни измени, преку збогатување на исхраната, облекувањето и другите форми на задоволување на потребите. Ќе се зголеми учеството на елементите од групата на услови за живеење, со поголемо учество на издавање за културен и општествен живот, рекреација и слично, со што сферата на културните активности и нивната консумација ќе се доближат до крајниот корисник — работник човек. Оттука и ќе извираат повратните дејствија на развојот. Позначајно место ќе заземаат елементите за станувањето и комуналните услуги. Снабденоста на домаќинствата со трајни потрошни добра и натаму ќе се подобрува. Во сè поголема мера особено ќе се среќаваат предметите од групата на електрични уреди и апарати во домаќинството, мебелот и предметите за рекреација и туризмот.

## ПОЛИТИКА НА УРБАНИЗАЦИЈА

Важна детерминанта на идниот долгорочен развој ќе претставуваат и социјалните рамки на политиката за урбанизација и просторно уредување на Републиката. Достигнатиот степен на концентрација на населението во градовите, создава услови за идниот стопански и општествен развиток. Меѓутоа, оваа положба ќе стане реален и движечки фактор на развојот, само при претпоставка ако социјалните карактеристики на градовите претрпат квалитетни измени, особено на оние што се однесуваат на образовното и стручното ниво, на економската активност на населението и слично.

Тргнувајќи од досегашните и очекуваните тенденции во наредниот период ќе дојде до натамошни поместувања во движењето на населението на потегот село — град и меѓу одделни подрачја. Тоа покрај другото, ќе биде условено од натамошно доселување на населението од село, кое на сегашниот посед не може целосно да се вработи, како и од другите населени места и подрачја, каде што степенот на вработеноста ќе биде помал. Врз ова ќе влијае и повисокиот степен на образованост на младите генерации, кои барајќи можност за задоволување на потребите од повисок стандард, ќе настојуваат да се преселат во поголемите градови во кои ќе можат да остварат соодветен животен стандард и подобри животни услови. Сè ова ќе доведе кон 1985 година во градовите да живеат преку милион и двеста илјади луѓе или три петтини од вкупното население. Тоа ќе наложува потреба и напори за совладување на стихијната урбанизација и за развивање на мрежа на градови која најповолно ќе влијае врз стопанскиот развој и ќе обезбеди порационална концентрација на населението. Појдовна основа, притоа, треба да биде такво меѓусебно поврзување на градовите со сообраќај и друга инфраструктура, кое ќе овозможи подрачјето на Македонија да функционира како организиран простор. Тоа ќе бара смислена политика на порамномерен развој на стопанството и нестопанските дејности, развој на комуникации и други објекти од крупната стопанска инфраструктура. Исто така ќе биде неопходно да се создадат и услови за брзо надминување на одредени сегашни проблеми на градовите, а особено за изнаоѓање на можности за вработување, за описменување и образование на возрасните и за поцелосен општествено-економски развој на потесните подрачја и слично.

Веќе денес е дојдено, а во идната декада од развојот уште повеќе ќе дојде, до видна преобразба и на помалите населени места и на селото. Сè повеќе треба да се смета на создавање на нови урбани агломерации, особено со прераснување на одделни сегашни селски населби во поголеми урбанизирани целини. Овие текови, за подолг период, ќе бидат од значење за ублажување на неусогласеноста меѓу степенот на урбанизација и степенот на општата развиеност. Тие со потребната преобразба ќе станат и позитивен фактор на стопанскиот развој на Македонија. Оттаму, развојот на овој вид населени места е неопходно поинтензивно да се поддржува, особено преку изградба на патишта, што ќе овозможи нивно поврзување со поразвиените економски центри, обезбедување на доволни количества хигиенска вода за пиење, отстранување и диспозиција на отпадните води и материи, проширување на мрежата на амбулантно-поликлиничките организации, нивна електрификација и со други зафати, кои ќе обезбедат подобрени услови за живот и работа на населението. Развивањето на неземјоделските дејности на село (организирањето на одделно индустриско производство, развојот на трговијата, туризмот на село и слично), исто така ќе бидат од особено значење за нивниот развој и за урбанизацијата во целина.

Во иднина ќе дојде и до брзо уредување на просторот и пошироката разместеност на стопанството од сите дејности, меѓу кои и на енергетиката, металургијата, водостопанството и на сообраќајниците, кои по својот карактер и специфичност имаат многустрано дејство врз просторот и се од пошироко значење за целата Република. Оваа положба наложува да се согледаат потребите од просторен развој на овие дејности, како и општите можности на просторот за подолгорочен период и врз таа основа да се утврди рационално и единствено користење на истиот. Тоа е заеднички интерес за иден рационален развој и услов во догледна иднина, да се избегнат материјални и други загуби кои би произлегле од ненаменското користење на просторот. За оваа цел ќе се подготви и ќе се остварува просторен план на Републиката.

## СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Тргнувајќи од значењето на станот во животниот стандард и неговото влијание врз продуктивноста на трудот, остварените резултати, принципите на Резолуцијата за основите на станбената политика, економските можности и потребите на населението, изградбата на станови, и подобрувањето на условите за станување за подолг период, ќе претставува крупна задача во развојот на Републиката. Глобална ориентација ќе биде да се постигне таков интензитет на градба на станови, кој ќе овозможи подобрување на постојните услови за живеење и покачување на стандардот на станување. Кон 1985 година е неопходно да се постигне стандардот кој одговара на 13,4 м² станбена површина по жител и 4,4 жители на еден стан. Тоа претпоставува, да се оствари интензитет на градба на околу 6 стана на 1.000 жители годишно како долна граница.

Остварувањето на ваков интензитет на станбена изградба претпоставува, да се обезбеди брза и поефикасна изградба на станови и да се создаваат стабилни материјални и други услови. Работните луѓе и граѓаните планирајќи го решавањето на станбените потреби на ниво на општината, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, и во иднина од доходот со кој самостојно располагаат ќе издвојуваат средства со намена за станбена изградба. Работниците и граѓаните, организирани во самоуправни заедници за станување ќе остваруваат непосредно влијание врз политиката на станбена изградба и поголема мобилност на издвоените средства. Притоа, ангажирањето на сопствените средства на граѓаните и нивното здружување со општествените средства низ разработен диференциран кредитен систем, останува и понатаму основа за решавање на станбените проблеми.

Од значење ќе биде да се утврди долгорочна политика на давачки сврзани со изградбата на станови (фискални и други), при што сè повеќе треба да се вградува и политика на растоварување или фискална стимулација. Од исто значење ќе биде и постигнувањето на повисок степен на стабилизација на цените на становите, обезбедувањето на потребите од градежни материјали и опрема, како и обезбедувањето на потребен потенцијал за завршните градежно-занаетчиски работи. Тоа ќе биде услов да се обезбеди поголема сигурност, да се скратат роковите на градба на станот и воопшто да се постигне порационална организација во станбената изградба.

Постапно ќе се изедначуваат условите за живеење во стан во општествена сопственост и во стан во индивидуална сопственост. На тој начин, на општествениот станбен фонд ќе му се обезбедат соодветни средства за репродукција. Политиката на стопанисување со општествениот станбен фонд ќе мора да се темели врз економичност и рентабилност во работењето. Притоа ќе се води политика на субвенционирање на станарините за домаќинствата со ниски семејни примања.

И во наредниот период од особен интерес е да продолжи активноста за натамошна изградба на комуналната инфраструктура. Покрај нагласената потреба од изградба на водоводна и канализациона мрежа, изградба на современи сообраќајници одредено место е неопходно да добијат и другите потреби како што е одржување на чистотата во градовите и населените места, организирање на јавен градски сообраќај и градски пазари, уредување на зелени површини, паркови и други простори за рекреација, изградба на спортски и други објекти и слично.

Зголемената ангажираност на месните заедници многу ќе придонесе, низа проблеми во доменот на комуналната активност да бидат навремено и адекватно решавани. Преку општествено договарање и други форми на самоуправно спогодување ќе треба да се обезбедат и редовни извори на средства за овие намени.

## ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

Сегашниот степен на загадување на човековата околина е релативно висок, идниот динамичен стопански, а особено индустриски развој, како и порастот на бројот на населението во градските подрачја, ќе претставуваат сè поголема потенцијална опасност за натамошно загадување на човековата околина. Неповолно влијание треба да се очекува и од масовната примена на новите поекономични технички и технолошки решенија и материјали во производството и потрошувачката и во некои услужни дејности (сообраќај).

Од друга страна, постојаното зголемување на животниот стандард, сè поголемото слободно време на работните луѓе, како и поголемиот степен на интензитет на трудот, ќе бараат незагадена природна средина (вода, воздух, земјиште) за репродуцирање на работните и духовните способности на човекот. Тоа се противречности на современиот развиток, со кои неодложно ќе се сретнува и Републиката, а за чие решавање ќе бидат потребни сè поголеми расходи и смислена акција за спречување на загадувањето на човековата околина.

Оттаму, во наредниот период, рационалното користење на природните извори и просторот за одржување на еколошката рамнотежа, ќе се поставува сè повеќе како неминовна нужност и неопходна потреба. Тоа ќе биде услов и за развиток на стопанството. Успешно надминување на положбата ќе може да се оствари само во услови на заедничка грижа и акција на сите граѓани, на организациите на здружениот труд, општествено-политичките и месните заедници и другите самоуправни организации за заштита и унапредување на околината. Човековата околина особено ќе треба да се чува од загадување на воздухот, земјиштето, на водите и од бучавата.

За заштита на човековата околина неопходно ќе се преземат пошироки општествено-договорени и координирани мерки. Со општествено договарани и координирани мерки на организациите на здружениот труд, месните заедници, општините и Републиката, од интерес ќе биде да се спречуваат и отстрануваат жариштата на загадувањето на средината, кои се јавуваат како последица на брзата урбанизација, неуреденото градежно земјиште, неконтролираната примена на одредена техника и технологија во производството и слично. Заштитата на човековата околина ќе наметнува и одредена инвестициона активност. Инвестиционата активност за заштита ќе биде поддржувана и ќе се настојува преку разни форми да биде потпомогната и стимулирана. При идната изградба на стопанските и други објекти, трошоците за заштита на околината неопходно е да станат составен елемент на инвестиционите програми и да претставуваат инвестиционен и производствен трошок. Значајно место ќе има и доследното спроведување на законските одредби за заштита и унапредување на човековата околина.

Политиката за заштита на човековата околина ќе биде насочена и кон подобрување на условите за работа во организациите на здружениот труд со одржување на подобра хигиена, уредување на дворните места и нивно озеленување, пошумување на непосредната блиска околина и организациите и друго.

## РАЗВОЈ НА ОПШТОНАРОДНАТА ОДБРАНА, БЕЗБЕДНОСТА И ОПШТЕСТВЕНАТА САМОЗАШТИТА, ПРАВОСУДСТВОТО И УПРАВАТА

1. Предвидениот натамошен развој на материјално-техничката и кадровската основа битно ќе влијае врз проширувањето на материјалната и кадровската база на системот на општонародната одбрана. Во рамките на општите услови кои ќе ги создаде долгорочниот развој треба систематски да се развиваат способностите за вооружена борба и отпор против кој и да било агресор и за работа во

услови на војна на сите општествени структури и субјекти на самоуправните социјалистички заедници.

Долгорочните и среднорочните планови, развојните програми и проекти на сите нивои и во сите дејности, треба редовно да се оценуваат, и од аспектот на одбраната и во нив да се вградува сè она што непосредно или посредно ќе ја јакне одбранбената способност на земјата. Појдовна основа притоа секогаш ќе биде карактерот на можните видови агресија, геостратегиските и други карактеристики на просторот на Републиката и предвидените облици на отпорот и одбраната на нашите сили.

Тоа исто така претпоставува определени потреби на вооружените сили, населението, стопанството, и другите структури на народната одбрана, кои ќе се јавуваат во процесот на нивните подготовки за војна, да се вградуваат во плановите и програмите за развој на сите нивои. Само на таков начин ќе се создадат побезбедни материјални и други услови и претпоставки за ефикасна вооружена борба и отпор и одбрана на земјата во целина.

Во рамките на општите услови што ќе се создадат за јакнењето на одбранбената способност на земјата, во развојот на територијалната одбрана, како најмасовен облик на вооружен народен отпор, тежиштето ќе биде на натамошно доградување и квалитетно јакнење на постојната организација, на модернизацијата на опремата и вооружувањето, како и на зголемувањето на борбената и маневарската способност на сите структури на ТО.

Натамошниот развој на цивилната заштита ќе биде насочен кон нејзино омасовување и интегрирање во сите општествени структури, подобрување на нејзината ефикасност со неопходно материјално-техничко доопремување, усовршување на постојната организација и создавање на услови за ефикасно спроведување на мерките за заштита.

При дефинирањето и изборот на структурата на производството (индустриското, занаетчиското, земјоделското и услугите) ќе се посвети внимание на развојот на производството од посебен интерес за народната одбрана, со што непосредно ќе се обезбедуваат потребите на вооружената борба и отпорот и ќе се овозможува создавање на неопходните материјални резерви за згрижување и дејствување на вооружените сили, населението и стопанството во новосоздадени услови.

Истовремено во текот на општиот развој ќе се води сметка за благовремено решавање на сите основни прашања поврзани со продолжувањето на индустриското, земјоделското и занаетчиското производство и во воени услови. Создавање на резерви на одредени производи, суровини и репроматеријали е од посебно значење и за народната одбрана.

Во рамките на остварувањето на политиката на порамномерен регионален развој на Републиката, ќе треба да се има предвид и потребата од создавање на основни материјално-технички, кадровски, инфраструктурни и други услови во сите региони на Републиката. Посебно ќе се посвети внимание на оптималното користење на природните потенцијали и ресурси во ридско-планинските подрачја во услови на војна. Исто така, соодветно внимание ќе се посвети и на развојот на пограничните подрачја.

При изградбата на складиштен простор во Републиката, особено за прехранбени производи, нафтени деривати, санитетски и други средства, неопходно е да се поаѓа и од потребите и интересите на вооружената борба и одбраната во целина, со цел стоковните фондови да бидат заштитени и ефикасно употребени за водење на вооружена борба и отпор.

Тргнувајќи од општествениот карактер на нашата концепција и доктрина на општонародната одбрана во сите процеси и активности што ќе се одвиваат на планот на јакнењето на одбранбената способност на Републиката, адекватно ќе се ангажираат сите субјекти — органи и организации во Републиката. Во тие рамки ќе се ангажира и науката и научните институции, со оглед на нивните можности да придонесат во изградбата и јакнењето на одбранбената способност на Републиката.

Јакнењето на одбранбената способност на Републиката претпоставува перманентно оспособување и обучување на сите учесници во општонародната одбрана, поради што ќе биде неопходно ангажирање на луѓе и средства во процесот на реализацијата на оваа мошне важна задача.

2. Со натамошниот долгорочен развој на системот, организацијата и функционирањето на безбедноста и општествената самозаштита, ќе се создаваат услови за разрешавање на безбедносните проблеми, особено на тие сврзани со непријателската активност како од земјата така и од странство, современите и потешки облици на криминалитет, безбедноста на сообраќајот, јавниот ред и мир, отвореноста на границите и другите елементи. За успешно извршување на овие општествени барања ќе се продолжи со политиката на акционо оспособување на службата за безбедност, пред сè, со јакнење на нејзината ефикасност и офанзивност во дејствувањето. За таа цел, ќе се вложуваат напори за нејзино кадровско јакнење, поуспешно ќе се разрешаваат проблемите сврзани со техничкото опремување, особено во доменот на криминалистичката и оперативната техника, вооружувањето и опремата за ефикасно извршување на задачите во вонредни ситуации, развивањето на системите на врски, информациониот систем и слично.

Успешното извршување на многубројните и мошне сложени безбедносни задачи, и натаму ќе се потпира, со целосно ангажирање, врз сите субјективни сили, носители на општествената самозаштита. Системот на безбедност врз основите на општествената самозаштита, станува самоуправно право и обврска на нашиот работен човек, граѓанинот, организациите на здружениот труд и другите субјекти и тоа начело во идниот период треба да добие поголема практична реализација.

3. Во овој период ќе јакне улогата и функцијата на правосудството како инструмент на самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе. За таа цел ќе се создадат неопходни услови.

Исто така, како функција на власта на работничката класа и на самоуправувањето, управата ќе дејствува согласно со уставните одредби.

## ОСНОВИ НА ПОЛИТИКАТА НА РЕГИОНАЛНО ПОРАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ

1. Со остваруваната развојна политика и динамичното темпо на стопанскиот растеж во досегашниот период, овозможени се крупни чекори напред во материјалниот и општествениот развиток и во сеопштата преобразба на сите подрачја во Републиката. Во овие рамки со мерките на економската политика е вршено и соодветно општествено насочување и влијание врз темпото и правците на развојот на одделни подрачја и општини. Како резултат на вложуваните напори во последниве години е остваруван процес на порамномерен регионален развој во Републиката.

Остварувањето на порамномерен регионален развој е траен процес кој неопходно ќе се остварува врз долгорочна основа и ќе се засновува врз темелни анализи и вистински потенцијални можности.

Тоа ќе се остварува со интегрална концепција на развој на Републиката, која долгорочно ќе обезбедува најоптимални резултати на целата република и на сите подрачја.

Тоа треба да доведе до:

— порамномерен и позабрзан развој на сите делови на Републиката;

— намалување на разликите во нивото на стопанската развиеност, на општествениот стандард и на личната потрошувачка до рамки во кои разликите не ќе имаат повеќе квалитетно значење; и

— порамномерен развој на стопанската и социјалната инфраструктура и општите услови за живеење и работа.

2. Во Републиката денес се афирмира определен број потенцијални развојни жаришта кои можат да обезбедуваат импулсирање на развојните процеси на целата територија. Тоа претставува реална основа, врз која ќе може подолгорочно и покомплексно да се обезбеди неопходното насочување на средствата на здружениот труд и на силите во определен број развојни центри кои ќе располагаат со доволна економска сила за импулсирање на развојот на подрачјата со кои функционално се поврзани, а со насочена акција е неопходно тие да се оспособат за ефикасно вршење на таа своја функција и за економски оправдана дисперзија во пошироките зони на влијание.

Порамномерниот регионален развој во нашите услови на развиен систем на самоуправни односи мора да биде плод на непосредна иницијатива и на активно и рамноправно учество на основните организации на здружениот труд и комуните, на организираните субјективни сили и да се остварува како процес на општествено договарање и самоуправно спогодување, кој ќе ги респектира законитостите на стопанската и општествената репродукција.

Процесите на порамномерниот регионален развој ќе се остваруваат и со водење на таква развојна политика која неопходно треба да погодува и да создава основи за долгорочен развој на сите подрачја во Републиката.

Понагласена ориентација кон финализација и доработка на веќе создадената проширена суровинска основа, особено на преработката на металите, неметалите, синтетските влакна и поливинил ацетатот, како и со забрзан развој на прехранбената индустрија, развојот на земјоделството, туризмот и другите терцијарни дејности, обезбедуваат да се остварува поширока територијална дисперзија на производството. Ова ќе овозможува организациите на здружениот труд, во алокација на производството и дејностите да ги земаат предвид потребите од порамномерен развој. За забрзан и порамномерен развој, во повеќе подрачја во Републиката поволно ќе влијае и политиката на засилена валоризација на природните богатства, кои по својот вид и локалитет се широко разместени.

Посебно значење ќе има проширувањето на наводнуваните површини, со што ќе се создаваат квалитетно изменети услови за побрз развој на земјоделското производство и за менување на структурата во корист на подоходните култури. Тоа за повеќе краишта ќе значи нови ефекти во производството, вработеноста и создавањето на доходот.

Во наредниот период развојот ќе се остварува врз повисоко користење на посовремена и пошироко разгранета мрежа на сообраќајна и друга стопанска инфраструктура, како и врз пошироко разгранета мрежа на институциите од областа на образованието, здравствените и другите институции. Тоа ќе обезбеди видно подобрување на екстерните услови за поцелосна валоризација на расположливите потенцијали во сите подрачја во Републиката.

Здружениот труд, како непосреден управувач со средствата за проширување на материјалната основа на неговиот труд, е основен носител на целокупната општествена репродукција. Оттаму, организациите на здружениот труд во иднина ќе имаат многу позначајна и решавачка улога во реализацијата на политиката за порамномерен развој одошто досега. Тоа ќе се одвива под влијание на непосредното здружување на трудот врз територијална основа, врз меѓуопштински и меѓурепублички интеграциони поврзувања на истородните и на комплементарните стопански и други организации, врз заедничко создавање на услови за дисперзирана изградба на погони итн.

Комплементарното поврзување на организациите на здружениот труд според принципот на заедничките интереси се поставува како потреба за сите делови во Републиката. Досегашното поврзување според принципот на заедничките интереси од областа на сообраќајната инфраструктура и мелиорациите во наредниот долгорочен развој треба да се прошири на комплементарно поврзување за заедничко решавање на потребите од енергија, суровини и развој на преработувачката индустрија, решавање на прашањето за исхрана и другите потреби на населението преку развој на земјоделството, посебно на сточарството, потоа шумарството, туризмот, трговијата и на другите стопански дејности. Ваквото поврзување ќе ги даде предностите што произлегуваат од оптимализацијата на капацитетите, од заедничкото ангажирање на средствата за вложувања, од специјализацијата, од размената на искуствата итн. Тоа ќе биде основа за успешно решавање на заедничките интереси и ќе обезбеди рационална поделба на трудот.

Можностите за комплементарно поврзување постојат и во областа на нестопански дејности — здравството, школството, културата и други, кои во наредниот период треба да бидат искористени. Преку самоуправни спогодби и врз база на поделба на трудот е неопходно да се градат поголеми и специјализирани капацитети кои ќе бидат способни да ги опслужуваат потребите на две или неколку општини.

Општествените органи и општествено-политичките организации во општините, исто така ќе имаат поголема улога одошто досега. Усогласувајќи се според принципот на заедничките интереси тие ќе донесуваат регионални и просторни планови, а потоа и одлуки за заеднички вложувања во изградбата на стопански, на инфраструктурни и на други капацитети. Идниот развој ќе покаже во која мера е неопходно да се изградат и регионални развојни институции.

Остварувањето на политиката на порамномерен регионален развој останува натамошна грижа и на Републиката. За оваа цел, потпирајќи се врз пообемни стручни и научни анализи, таа ќе користи повеќе институции и ќе применува определени инструменти.

За потребите на оваа политика ќе се користат можностите за:

(1) насочување на средствата со кои таа ќе располага;

(2) ќе се продолжи со политиката на кредитирање на побрзиот стопански развој на помалку развиените краишта; и

(3) ќе се продолжи со политиката на дотирање на општините во кои нестопанските дејности и општествените дејности заостануваат зад средното ниво на Републиката.

3. Поради поголемото заостанување на одделни краишта зад средното ниво на развиеноста и зад средното темпо на растежот во Републиката неопходно е и во наредниот период да продолжи остварувањето на политиката на побрз развој на стопански недоволно развиените краишта во Републиката.

Во наредниот период е неопходно да се обезбеди таква заедничка платформа за развој која ќе придонесе да се намалат разликите во степенот на општествено-материјалниот развиток меѓу развиените и недоволно развиените краишта во Републиката.

Тоа е неопходно да се остварува, пред сè, врз поголемото ангажирање на сопствените сили на самите недоволно развиени краишта. Едновремено, ова ќе мора да се остварува и со смислена развојна политика и систем на постојани и долгорочни

мерки кои ќе обезбедат побрз развој на недоволно развиените краишта. За оваа цел е неопходно основните правци на акциите да се насочат кон: (1) натамошно финансирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во Републиката во согласност со условите за општиот развој на Републиката, со што да се создаваат услови за инвестициона изградба на разни стопански објекти кои заедно со другите потенцијали ќе претставуваат основа врз која ќе се обезбеди осамостојување во идниот развој на овие краишта; (2) функционално поврзување со соседните поразвиени општини и комплементарно вклопување во пошироките региони така што преку интеграциски организациони поврзувања, преку акцесорно дополнување, преку структурна специјализација и слично да можат перманентно да ги користат предностите кои веќе ги постигнале поразвиените општини; (3) обезбедување на поголема мобилност на работноспособното и другото население, што треба да придонесе да се постигнува демографска рамнотежа и стапка на вработеноста односно безвработеноста кои не ќе се разликуваат многу од средните карактеристики на Републиката; (4) поттикнување на студиски истражувања и разработка на развојни програми од интерес на повеќе недоволно развиени подрачја.

Врз оваа основа, политиката за побрз развој на недоволно развиените краишта треба да добие карактер на самоуправно договорена политика која произлегува од долгорочната објективна потреба и интерес на сите краишта во Републиката.

## IV

## ПРЕТПОСТАВКИ И ФАКТОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКАТА

1. Степенот на општата развиеност на Републиката денес е повисок и тоа претставува објективен појдовен услов за остварување на повисоки резултати.

Во тек е извршувањето и на значајна инвестициона програма во стопанството, од кој дел ќе биде завршен и активиран до крајот на 1975 година, а значаен дел ќе се остварува во 1976 година и подоцна. Тоа се инвестициони зафати со чие довршување значајно ќе се придонесе на натамошниот развој и за проширување на материјалната основа особено во индустријата и земјоделството. Нивната реализација во стартот на идниот период ќе обезбеди континуитет во инвестиционата активност и ќе претставува значајна основа за одржување на неопходниот интензитет во развојот.

Долгорочната ориентација на нашата земја кон динамичен и стабилен стопански развој ќе влијае врз создавањето на соодветни општи услови за динамизирање на развојот и во Републиката.

Во услови на повисока стопанска стабилност и намален интензитет на пораст на трошоците во репродукцијата ќе се обезбедат можности за понагласено ангажирање и на сопствените средства за инвестиции во основни фондови.

2. За остварување на договорената долгорочна развојна политика поволно ќе влијаат и квалитетните промени во самоуправниот социјалистички систем заснован врз Уставот во кои работните луѓе, врз самоуправна основа, ќе воспоставуваат меѓусебни односи во производството и распределбата за задоволување на поединечните и заедничките потреби и ќе изградуваат заеднички ставови за прашањата во социјалистичкиот развиток, врз база на своите непосредни и долгорочни интереси.

Со усогласување на стопанскиот систем со Уставот, и со донесување на законите од областа на стопанството, ќе се обезбеди поинтензивен процес во кој здружениот труд ќе преземе од државата одредени функции на општествена регулатива по пат на општествени договори и самоуправни спогодби.

Со новите системски решенија ќе се обезбеди здружениот труд да биде и креатор и одговорен носител во реализацијата на економската политика.

3. Создавањето на стабилни услови за стопанисување ќе претставува основна појдовна позиција за реализација на развојната политика, тоа ќе претставува важна претпоставка и крупна обврска. Тоа ќе биде и услов за попотполна афирмација на квалитетните измени во стопанството и стопанисувањето воопшто, за постојано зголемување на продуктивноста на трудот, за решавачки пресврт и стеснување на жариштата на загуби, инфлација и неликвидност и обезбедување на стабилност врз потрајна основа.

Поради тоа ќе се стреми кон позабрзано совладување на структурните диспропорции во стопанството, забрзување на стопанскиот развој и натамошни акции за смалување на високата инфлација.

4. Врз самоуправното спогодување и општественото договарање, што ќе стане една од основните форми и методи на унапредувањето на меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и работните луѓе во другите области на општествениот живот, ќе се решаваат најголем број прашања од општествената репродукција. Тоа претпоставува, покрај другото, и доизградување, усовршување и развивање и на системот на информирање како битна и неразделна компонента на самоуправното одлучување. Информирањето треба да прерасне како основен услов и претпоставка за вистинско и ефикасно самоуправување.

Врз оваа основа ќе биде неопходно да се темели и обезбеди максималното ефектуирање на расположливите стопански потенцијали; да се остварува долгорочната економска и производствено-техничка соработка на здружениот труд; побрзо и поцелосно да се прифатат современите научни постигнувања во областа на техниката, технологијата и маркетинг-системот на работење; обезбедување на средства за проширена репродукција и рационална употреба на акумулацијата; постигање на поголема сигурност и стабилност во производството и прометот, посебно во прометот на земјоделските прехранбени производи; заедничко обезбедување на потребните суровини и материјали за репродукција, воспоставување на поусогласени услови за стекнување на доход меѓу одделни стопански области, гранки и групации и друго.

Од особен интерес е да се забрза процесот на здружување на трудот и средствата и да се оствари друга деловна соработка меѓу организациите на здружениот труд, кои се меѓусебно зависни и кои според масата на ангажираните производни фактори и реализираниот доход имаат најголемо влијание врз целокупниот процес на општествената репродукција. На тој начин ќе се афирмираат предностите во функционирањето на крупните производствено-прометни системи во стопанството на Републиката.

Со сегашните и со примената на нови форми на деловна соработка неопходно е да дојде и до потесно поврзување на индивидуалните земјоделски стопанства со општествениот сектор на земјоделството и со преработувачката индустрија. Тоа позитивно ќе влијае врз динамиката и стабилноста на земјоделското производство, организацијата на пазарот на земјоделски производи, движењето на цените на истите, како и врз јакнењето на економската сила на индивидуалните земјоделски стопанства. Тоа наедно ќе доведе и до јакнење на самоуправните социјалистички односи на село.

Соработката со странство е претпоставка да добие пошироки размери и да претставува сè позначаен фактор за натамошниот стопански развој на Републиката. Притоа, од значење е врз идната соработка со странство да се прошири производно-индустриската кооперација, да се интензивира процесот на заеднички вложувања и слично.

5. Реализацијата на динамичниот пораст на општествениот производ во наредниот период мора да поаѓа од стремежот за максимално користење на сите расположливи фактори и да биде резултат на натамошни структурни и други квалитетни измени во стопанството.

Во овие рамки, економијата во работата со средствата на трудот треба да биде многу значаен фактор за постигање на повисоки резултати во развојот. Реализацијата на динамичен пораст на општествениот производ во стопанството, неопходно ќе треба да се потпира и врз релативно брз пораст на продуктивноста на трудот. Се цени дека околу 60% од порастот на производството на општествениот сектор на стопанството, треба да резултира од порастот на продуктивноста на трудот. Тоа е услов да се подигне и општествената продуктивност, која сè уште видно заостанува зад поразвиените стопанства. Тоа претпоставува афирмација на креативните вредности во развојот и поголем замав и примена на иновации во реализацијата на стопанскиот и општествениот развиток и во техничко-технолошките процеси.

Во сèвкупните напори за реализација на политиката за долгорочен развој ќе мора да се вгради и факторот за сестрано штедење како траен и составен дел на продукционите односи и работата во целина. Ова дотолку повеќе што во животот и практиката сè уште постојат неискористени бројни можности. Тоа истовремено значи и во иднина, уште позасилено, непрекинато и решително да се води битка и против секој вид на расипништво и неоправдано користење на општествените средства во сите средини.

6. Обезбедувањето на позабрзан и посестран материјален и општествен развиток на Социјалистичка Република Македонија и држење чекор со современиот техничко-технолошки напредок во земјата и светот наложува и во идниот период да се остварува интензивна динамика на проширување на материјалната основа на стопанството.

Тоа неопходно ќе бара големи инвестициони и други напрегања. За реализација на динамиката на растежот на производството по средна годишна стапка од околу 9% и при позначајно подобрување на ефикасноста на инвестиционите вложувања, неопходно е да се обезбеди релативно висок интензитет на инвестициони вложувања. Вкупната стапка на бруто-стопанските и нестопанските инвестиции во основни фондови треба да изнесува околу 35% од општествениот производ, при што стапката на бруто инвестиции во основни фондови на стопанството околу 24%.

Појдовен услов за обезбедување на ваков релативно висок интензитет на инвестирање како и структурата на вложувањата претпоставува натамошно јакнење на репродуктивната способност на стопанството. Идниот развој истовремено сè повеќе и во поголема мера ќе мора да се потпира врз средствата на сопствената акумулација. Тоа ќе наложува поголемо свртување кон факторите преку кои треба да се обезбеди покачување на степенот на репродуктивната способност на стопанството. Напорите во оваа смисла е неопходно да бидат насочени, пред сè, кон интензивирање на стопанисувањето, покачување на ефикасноста на користењето на расположливите производствени потенцијали и кон побрз пораст на продуктивноста на трудот, што ќе овозможи, врз трајна основа, реално да се зголемува доходот на организациите на здружениот труд. Тоа е основа постојано да се проширува и акумулативната способност на стопанството.

Истражувањата покажуваат дека за да се оствари потребниот интензитет на инвестициони вложувања во основни фондови на стопанството, може и треба околу 50 до 55% во вкупно потребните средства да се обезбедат од сопствената акумулација што се остварува во СР Македонија (средства на организациите на здружениот труд, здружените и депозитните средства кај деловните банки и други средства што наменски се издвојуваат за определени инвестициони зафати во општините и Републиката).

Остатокот на потребните средства, Социјалистичка Република Македонија и во наредната етапа од развојот неопходно ќе мора да ги обезбедува со ангажирање на дополнителни средства во земјата и во странство. Во овие рамки значајно место и натаму ќе треба да има Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развиток на недоволно развиените републики и Автономната Покраина Косово. Сè позначајно место ќе треба да добие и политиката на обезбедување други дополнителни средства, врз заеднички инвестициони вложувања со организациите на здружениот труд од поразвиените републики, што ќе обезбеди повисок степен на меѓурепубличкото деловно поврзување на организациите на здружениот труд во изработката, усогласувањето и реализацијата на развојните програми. Тоа уште повеќе ќе го афирмира единството на југословенското стопанство и на пазарот.

Користењето на средствата од странство, по пат на кредити и заеднички вложувања, исто така ќе биде важен извор за реализација на инвестиционата политика, особено за некои од покрупните зафати.

Потребите што се поставуваат и стојат пред идниот стопански и општествен развој на Републиката ги надминуваат можностите и тешко може да се решаваат во рамките на една организација на здружен труд. При такви услови, од заеднички интерес е да се постигне повисока мобилност и насоченост на расположливите средства и да се оствари нивна порационална употреба. Битна претпоставка и механизам, врз кој тоа треба да се обезбеди, сè повеќе ќе биде поврзувањето и усогласувањето на плановите и програмите за работа и развој врз самоуправна основа и врз здружување на средствата. Врз вакви основи ќе треба да се оствари поголем дел од проширената репродукција.

Напорите на организациите на здружениот труд на овој план претпоставка е и натаму да бидат поддржувани и со посебни мерки на економската политика. Неопходно ќе биде тоа да се остварува со насочување на дел од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените републики и покраини, со насочување на средствата обезбедени врз меѓудржавни заеми и други аранжмани со странство, како и со здружување на средствата и преземање на други мерки сврзани со остварување на одделни задачи, кои се од поширок интерес за општествената репродукција. Притоа, одреден приоритет неопходно е да има развојот на енергетиката, развојот на производството на суровини, особено на основните метали и од базната хемиска индустрија, преработувачката индустрија од металската и електроиндустријата, финализацијата на производите од неметали, од хемиската индустрија и на земјоделско-прехранбени производи, водостопанството и одделни дејности во земјоделството, како и зафатите за модернизација и проширување на сообраќајниците и развојот на странскиот стационарен туризам.

7. Согласно со уставните начела и договорената развојна политика ќе се донесат соодветни системски решенија. Активноста на ова подрачје ќе биде насочена особено кон донесување на решенија од областа на системот на самоуправно планирање, проширената репродукција, на системот и политиката на цените, кредитно-монетарниот и банкарскиот систем, надворешнотрговскиот и девизниот систем и царинската политика.

(1) Со примена на самоуправниот систем на општествено планирање на сите нивои и со меѓусебно усогласување на плановите и програмите за развој и нивно поврзување во целина преку самоуп-

равно спогодување и општествено договарање ќе треба да се овозможи координирање на одлуките на сите субјекти во планирањето и усогласувањето на заедничките интереси. Со тоа ќе биде неопходно да се врши свесно насочувачко влијание врз токовите на општествената репродукција и отстранување на стихијноста во развојот.

Со тоа носителите на планирањето ќе станат истовремено и одговорни непосредни извршители на планските задачи кои договорно ги утврдуваат и преземаат.

(2) Системот на цени, базиран врз доходовни односи, ќе биде неопходно да се воспоставува по пат на самоуправни спогодби и општествени договори, и врз овие основи, покрај цените, да се опфаќаат и другите прашања сврзани со уредувањето на доходовните односи, размената на трудот и средствата како и нивното здружување. На тој начин, односите меѓу здружениот труд ќе треба да се воспоставуваат не само преку пазарот, туку, пред сè, со здружување во репродукциони комплекси, со што да се обезбеди спречување и сузбивање на стихијното дејствување на пазарот.

(3) Утврдувањето и спроведувањето на политиката и задачите во доменот на економските односи со странство сè повеќе ќе се остварува во функцијата на организациите на здружениот труд, и врз таа основа ќе се регулира извозот и увозот и ќе се обезбедуваат соодветни средства за остварување на утврдените задачи.

Со мерките на економската политика ќе биде неопходно и натаму да се води политика на неопходна заштита на домашното производство и да се применуваат мерки за поттикнување на извозот на стоки и услуги. Заштитната политика ќе биде неопходно да се усогласува со целите и задачите утврдени во Основите на заедничката политика за долгорочниот развој на СР Македонија до 1985 година. Притоа ќе се води политика на намалување на распонот на царинските стапки со ориентација да се намалуваат стапките на царината чии ефект влијае фискално и ќе се разработат натамошни мерки за вонцаринска заштита.

Со мерките на економската политика основна ориентација треба да биде поддржување на производството и услугите, што ќе доведе до рационално вклучување во меѓународната поделба на трудот и која ќе поаѓа од остварување на што повисок девизен нето ефект.

Со оглед на тоа што СР Македонија ќе биде упатена на подолгорочен план да користи значајни дополнителни средства ќе се остварува политика на задолжување во странство како неопходна функција на развојот. Во рамките на тоа, усилбите ќе бидат насочени првенствено кон решавање на структурните проблеми и другите проблеми од поширок интерес.

Истовремено ќе се поттикнува остварувањето на поразвиени форми на деловна соработка со странските партнери.

Тргнувајќи од положбата дека подолг период развојот ќе биде условен од релативно висок увоз на репроматеријали, ќе биде неопходно и натаму да се вложуваат напори за оправдана супституција на увозот на стоки со домашни производи, порационален и селективен увоз, поголемо штедење на увозните репроматеријали и слично.

Извозот на стоки во наредниот период ќе биде неопходно да се остварува и во услови на натамошни напори за приспособување на производството според барањата на странските купувачи, за зголемување на конкурентската способност и за поголемо поврзување на организациите на здружениот труд од сферата на производството и прометот како предуслов за остварување на размената, отстранување на некоординираниот и неединствениот настап на одделни странски пазари и слично.

(4) Кредитно-монетарната политика во наредниот период ќе се остварува врз нови односи во кои организациите на здружениот труд ќе имаат доминантно место.

Кредитно-монетарните односи меѓу основните и другите организации во здружениот труд и на самоуправно организираното работење на интерните и деловните банки ќе претставува основа за заедничка емисиона политика на Народната банка на Југославија и Народната банка на Македонија.

И во наредниот период ќе се остварува селективна кредитна политика.

Поаѓајќи од идниот развој и поместувањето во структурата на стопанството се цени дека со селективната кредитна политика ќе треба да се поддржува производството на стоки и услуги наменети за пласман на странските пазари, развојот на земјоделството, кредитирањето на инвестиционите работи во странство и на домашниот пазар, продажбата на опремата, кредитирањето на потрошувачката на стоки за широка потрошувачка и слично.

Селективната кредитна политика ќе се остварува преку деловните банки врз основа на самоуправни спогодби за намената, начинот, обемот и другите услови за користење на банкарските кредити.

## V

## ПОТРЕБНА АКТИВНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ПОЛИТИКА ЗА ДОЛГОРОЧЕН РАЗВОЈ

Со утврдувањето на основите на заедничката политика за долгорочен развој на СР Македонија врз договорна основа се трасираат патиштата на натамошниот општествено-економски развој. Реализацијата на ваквата политика ќе обезбеди натамошен развој на производните сили и на социјалистичките самоуправни продукциони односи на Републиката во целина и на сите нејзини делови. Врз овие основи истовремено ќе се создаваат услови за натамошна афирмација на општествено-економската положба на работниот човек и за сè поцелосно задоволување на неговите потреби.

Со цел за остварување на утврдените задачи, потребно е сите носители на планирањето и активноста — основните и други организации на здружениот труд, самоуправните интересни и месните заедници, другите самоуправни организации и заедници и Републиката, при изготвувањето на сопствените и заедничките програми и планови за развој и работа, да ги земаат предвид и вградуваат основите на заедничката политика за долгорочен развој, што се утврдуваат по демократски пат и со усогласување на ставовите по суштествените прашања на развојот во идниот период.

Реализацијата на динамичен и комплексен развој во наредниот период, покрај постоењето на заедничката долгорочна политика, како важна претпоставка за сеопштиот развиток, ќе бара, пред сè, самоуправна интеграција на развојните програми на сите носители на активноста и меѓусебно усогласување на истите, како и општа повисока организираност.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-2751
1 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на
здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Блашко Јаневски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот
собор,
**Гога Николовски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Евремовиќ Мирослава, со стан на улица „Вангел Тодоровски“ бр. 5/5, Скопје, против тужениот Јевремовиќ Љубиша од Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Јевремовиќ Љубиша да се јави во судот и да ја достави својата точна адреса во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе му биде одреден старател во смисла на член 77 од ЗПП, кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1429/75.

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Драгица Наумовска од село Ѓермијан, Битолско поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Дане Наумовски од село Болно, сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Дане е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 550/75.

---

Еминов Али од Битола поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Перијан Умерова од Битола, сега со непозната адреса.

Бидејќи тужената е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 420/72 од 15. X. 1975 година. (140)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за неосновано збогатување по тужбата на тужителката Душанка Тодоровска од село Жилче, Тетовско, против тужените Симјан Атов Стојанов и др. од село Јанчиште, вредност 14.000 динари.

Се повикува тужениот Симјан Атов Симјанов од село Јанчиште, сега со непознато место на живеење, во рок од еден месец да се јави пред Општинскиот суд во Тетово, а воедно се повикува и секое лице кое нешто знае за него и каде се наоѓа тужениот Симјан Симјанов, да го извести судот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 595/75.

---

Пред овој суд се води спор за утврдување на сопственост по тужбата на тужителот Шаќири Шаќир од село Г. Палчиште, против тужениот Акик Ќамилов Алии од село Г. Палчиште, вредност 500 нови динари.

Се повикува тужениот Акик Ќамилов Алии од село Г. Палчиште, сега со непознато место на живеење, во рок од еден месец да се јави пред Општинскиот суд во Тетово, а воедно се повикува и секое лице кое нешто знае за него и каде се наоѓа тужениот Акик Ќамилов Алии, да го извести судот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 826/75.

---

Свидетелство бр. 11/64 за IV година, издадено од Учителската школа „Андон Дуков“ — Охрид на име Надежда Илинчева, Скопје. (2623)

## КОНКУРСИ

Советот на ООЗТ Институт за трансфузиологија и хематологија при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на едно работно место лекар — приправник.

Услови:

Покрај општите услови предвидени со Закон, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршен медицински факултет.

Изборот ќе се врши врз основа на следните приоритетни критериуми:

— среден успех во текот на студиите;

— успех од положен тест за прием;

— да не е постар, по правило, од 28 години;

— да ја регулирал воената обврска;

— да се служи со еден од светските јазици;

— да покажува склоност и интерес за научноистражувачка работа;

— да има морално-политички квалитети.

Молбите со потребните документи за исполнување на условите се доставуваат преку архивата на работна заедница Заеднички дејности до Советот на ООЗТ Институт за трансфузиологија и хематологија.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (216)

---

Советот на Филозофско-историскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. еден наставник (во сите звања) по предметот анатомски и физиолошки основи на психичкиот живот;

2. еден наставник (во сите звања) по предметот еволуција и генетика на човекот;

3. еден наставник (во сите звања) по предметот историја на Византија;

4. еден наставник (во сите звања) по предметот статистика на Катедрата за психологија;

5. еден асистент по предметот дидактика;

6. еден асистент по предметот историја на македонскиот народ.

Со пријавата, таксирана со 2,00 дин., кандидатите треба да приложат: диплома, куса биографија, список на стручни и научни трудови (доколку има такви) и по еден примерок од трудовите до архивата на Филозофско-историскиот факултет во Скопје.

Конкурсот е отворен еден месец од денот на објавувањето во „Нова Македонија“. (218)

---

### СОДРЖИНА

Страна

425. Основи за заедничката политика за долгорочен развој на СР Македонија до 1985 година — — — — — — — — — — 697

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**